

Извештај за стратегиска оцена на ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини на дел од КП бр.1372, 1750 и 2109 во КО Будимирци, Општина Новаци врз животната средина

НАРАЧАТЕЛ НА ДОКУМЕНТОТ:	**ЕУРОИМПЕКС ДОО увоз-извоз** **Ул. Трета Македонска Бригада бр.72** **П.Фах. 513, 1000 Скопје** **АРХИТЕКТ АРД 1 ДООЕЛ** **Ул. Огњан Прица 27-9** **1000 Скопје**
НАЗИВ НА ДОКУМЕНТОТ:	Извештај за стратегиска оцена на ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини на дел од КП бр.1372, 1750 и 2109 во КО Будимирци, Општина Новаци врз животната средина
ФОРМА:	**НАЦРТ ВЕРЗИЈА**
НАЗИВ НА ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТ:	Локална Урбанистичка Планска Документација за изградба на ловен дом со пратечки содржини на дел од КП бр.1372, 1750 и 2109 во КО Будимирци, Општина Новаци
ИЗРАБОТУВАЧ:	**ЕУРО-ЛЕВЕЛ ДОО Скопје**
	Александра Каракашова Сачкарска **Овластен експерт за СЕА и ОВЖС**

ВОВЕД 5
2. ГЕНЕРАЛНИ ПРИНЦИПИ НА СОЖС 8
3. ЗАКОНСКА РАМКА 13
3.1. СОЖС и урбанистичко планирање 15
4. ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА НА СТРАТЕГИСКИОТ ДОКУМЕНТ И ОПФАТ 17
4.1. Содржина на планскиот документ 17
4.2. Плански опфат 20
4.3. Намена на земјиштето 26
4.4. Сегашна состојба на предметниот простор 1
4.4.1. Изградени и неизградени површини 2
5. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ 4
5.1. Опис и образложение на плански решенија за градбата 6
6. ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 9
6.1. Генерални цели на заштита на животната средина на предметниот опфат 10
6.2. Сегашни проблеми со животната средина во и околу планскиот опфат 12
7. ЦЕЛ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА 14
7.1. Цел на извештајот за стратегиска оцена и применета методологија 14
7.2. Главни и специфични цели на стратегиската оцена на животната средина 15
7.3. Цели на ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, КО Будимирци, Општина Новаци 17
7.4. Врска и усогласеност со други стратешки плански документи 18
Компатибилност на целите на планскиот документ 18
Поврзаност со други стратешки плански документи 19
8. СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ 24
9. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРОСТОРОТ И СЕГАШНА СОСТОЈБА СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 26
9.1. Опис на карактеристките на просторот на предметното подрачје 26
9.1.1. Географска положба и големина 26
9.1.2. Релјеф 29
9.1.3. Клима 30
9.1.4. Сеизмички карактеристики 31
9.1.5. Население 32
9.1.6. Економски карактеристики 33
9.1.7. Користење на земјиштето 34
9.2. ОПИС НА СЕГАШНАТА СОСТОЈБА СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ 36
9.2.1. Квалитет на воздухот 36
9.2.2. Хидрографија на Општина Новаци 37
9.2.3. Педолошки карактеристики и квалитет на почва 39
9.2.4. Биодиверзитет 39
9.2.5. Културно историски споменици 42
9.2.6. Управување со отпад 43
9.2.7. Бучава 45
9.3. ОПИС НА СЕГАШНАТА СОСТОЈБА СО ЛОКАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА 45
8.3.1. Сообраќајна инфраструктура 45
9.3.2. Комунална инфраструктура 47
9.3.3. Електроенергетска мрежа 48
10. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 50

10.1. Влијание врз населението и социо-економските услови 51
10.2. Влијание врз човековото здравје..... 51
10.3. Влијание врз квалитетот на воздухот 52
10.4. Влијание на бучавата 53
10.5. Влијанија врз квалитетот на водите..... 53
10.6. Влијанија врз почвата 55
10.7. Влијанија врз пределот..... 55
10.8. Влијанија врз културно-историско наследство 56
10.9. Влијанија врз биодиверзитетот и природното наследство 56
10.10. Влијанија од управување со отпадот..... 57
10.11. Влијанија од несреќи и хаварии 57
10.12. Прекугранични влијанија 58
11. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И УБЛАЖУВАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ 59
11.1. Мерки за ублажување на негативните влијанија врз населението и човековото здравје 61
11.2. Мерки за ублажување на негативните влијанија врз социо-економската состојба.... 61
11.3. Мерки за ублажување на негативните влијанија врз квалитетот на воздухот 62
11.4. Мерки за ублажување на негативните влијанија од бучавата 63
11.5. Мерки за ублажување на негативните влијанија врз квалитетот на водите 64
11.6. Мерки за ублажување на негативните влијанија врз почвата..... 65
11.7. Мерки за ублажување на негативните влијанија врз пределот 65
11.8. Мерки за ублажување на негативните влијанија врз културно-историското наследство 66
11.9. Мерки за ублажување на негативните влијанија врз биодиверзитетот и природното наследство 66
11.10. Мерки за ублажување на негативните влијанија од управувањето со отпад 67
11.11. Мерки за ублажување на негативните влијанија од евентуални несреќи и хаварии 68
11.12. Мерки за ублажување на прекуграничните влијанија 69
12. АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ 69
13. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ 71
14. НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ 75
15. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ..... 85
ДОДАТОЦИ 86

ВОВЕД

Локалната урбанистичка планска документација се изработува според Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 162/13 и 42/14), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Службен весник на Република Македонија“, број 78/06), како и другата релевантна законска и подзаконска регулатива.

Локалната урбанистичка планска документација е изработена врз основа на планската програма за изработка на Локална урбанистичка планска документација за Ловен дом со пропратни содржини на дел од КП 1732, дел од КП 1750 и КП 2190 КО Будимирци, Општина Новаци. ЛУПД кои третираат простори кои се вон планските опфати на урбанистичките планови, се изработуваат врз основа на „Извод од Просторниот план на Република Македонија“. Предметниот локалитет е во рамките на ловиштето бр. 4 „Ниџе“, утврдено со Просторниот план на РМ, за што со Владата на РМ инвеститорот има склучено договор за концесија бр. 51-4483/1 од 27.07.2010 година. Вкупната површина на планскиот опфат изнесува околу 3 ха (3ха00ари88м^2). Во рамките на планскиот опфат на предметниот локалитет се планира развој со предвидување на градежна парцела и површини за градење на повеќе градби со намена: **А4—Ловен дом с**о пропратни компатибилни содржини согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. За предметниот локалитет се изработени и Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, од страна на Агенцијата за планирање на просторот, кои треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поствување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во

соодветниот плански документ, обработени во Просторниот план на Р.Македонија, а во согласност со истиот.

Локалната урбанистичка планска документација е изработена од страна на Архитектонски факултет при Универзитет "Св.Кирил и Методиј"- Скопје. ЛУПД се состои од текстуален и графички дел. Текстуалниот дел се состои од документациона основа која опфаќа (географско и геодетско одредување на подрачјето на опфатот, граници и површини, потоа историја на планирање и уредување на подрачјето и неговата околина, податоци за природните чинители, податоци за создадените вредности и чинители, инвентаризација и снимање на изграденият градежен фонд и вкупна физичка супраструктура, инвентаризација на споменични целини, инвентаризација на изградена инфраструктура, инвентаризација на бесправно изградени градби и анализа на можности за просторен развој). Планската документација покрај податоците за планот и подрачјето содржи и опис и образложение на планските решенија за градба, единици на градежно земјиште, класи на намени, сообраќајно решение, електро-енергетика и ПТТ инсталации, хидротехничка инфраструктура, потоа економско образложение за начинот, обемот и динмамика на финансирање на реализација на планските решенија како и мерки на заштита.

Графичкиот дел од ЛУПД содржи Извод од просторен план на Република Македонија, ажурирана геодетска подлога, инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби, инвентаризација и снимање на изградениот град. фонд, вкупната физ. супраструктура и инфраструктура, потоа план на намена на земјиштето и градбите, регулационен план и план на површини за градење, план на сообраќаен нивелман и инфраструктурен план и синтезен план.

Согласно законската регулатива од областа на животната средина, глава X од Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр.53/05; бр.81/05; бр.24/07; бр.159/08; бр.83/09; бр.48/10; бр.124/10; бр.51/11; бр.123/12; бр.93/13; бр.42/14 и бр.44/15), при подготовка

на краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи на национално и локално ниво за развој на општините во сите аспекти (урбан развој, индустрија, развој на мали и средни претпријатија, туризам, земјоделие, транспорт и др.), потребно е спроведување на постапка за Стратегиска оцена на влијание на планскиот документ кој се подготвува (план, програма или стратегија) врз животната средина.

Врз основа на член 65, став (4) од Законот за животна средина, Владата на Република Македонија, донесе „Уредба за критериумите врз основа на кои се донесувааат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето“. Постапката за Стратегиска оцена на влијание на планскиот документ врз животната средина е правно обврзувачка во согласност со националното законодавство и со нејзино навремено спроведување се обезбедува идентификување на сите можни негативни и позитивни влијанија на планот, програмата или стратегијата врз животната средина, се дефинираат алтернативи и можни мерки за ублажување, намалување или одбегнување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

Потребата од изработка на Стратегиска оцена за влијание на предметниот плански документ врз животната средина е законска обврска и произлегува, односно е дефинрана во точка - 13 – **планирање на просторот и користење на земјиштето,** плански документи кои се однесуваат на просторното и урбаниститчкото планирање од Уредбата за стртегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на стратегиите, плановите и програмите за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето.

Општина Новаци подготви Одлука и Формулар за спроведување на стратегиска оцена за планскиот документ – ЛУПД со архивски број 14-920/10 од 26.10.2015 год. и истите беа доставени до Министерство за животна средина и просторно планирање.

Од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање беше издадено Известување со кое се одобрува Одлуката за спроведување на постапка за стратегиска оцена на ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржи врз животната средина.

2. ГЕНЕРАЛНИ ПРИНЦИПИ НА СОЖС

Стратегиската оцена претставува процедура за проценка на влијанието на плановите, стратегиите и програмите врз животната средина и врз здравјето на луѓето. Стратегиската оцена на животната средина е процес во кој се предвидуваат одредени мерки, кои имаат за цел заштита на животната средина од сите можни влијанија и тоа уште во процесот на планирање и донесување одлуки за одредени стратегии, планови и програми, т.е. плански документи. Преку навремено спроведување на постапката за стратегиска оцена на животната средина се обезбедува иденитификување на сите можни негативни и позитивни влијанија на целите на планот, програмата или стратегијата врз животната средина, а исто таке се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина. Националното законодавство сугерира процесот на стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ да се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел целите на животната средина навреме да се земат во предвид при дефинирање на целите на самиот плански документ.

Постапката за стратегиска оцена на животната средина треба да обезбеди високо ниво на заштита на животната средина, спроведување на насоките од релевантни стратешки и плански документи и интегрирање на целите на животната средина во подготовката и усвојувањето на стратегии, планови и програми (плански документи), а во насока на промовирање на одржливиот развој.

Стратегиската оцена треба да ги земе во предвид сите влијанија врз животната средина и притоа се стреми:

- Да овозможи вградување на аспектите на животната средина во процесот на урбанистичкото планирање;
- Да ја зголеми ефикасноста при донесување на одлуки во однос на заштита на животната средина;
- Да обезбеди интегриран приод кон животната средина;
- Да го овозможи учеството на јавноста и консултирање со јавноста во процесот на донесување на одлуки;
- Да ја поттикне меѓусекторската соработка;
- Да се вградат одредбите на одржливиот развој (економски, социјални и еколошки аспекти).

Постапката за СОЖС се спроведува во неколку фази/чекори:

Проверка: утврдување дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина и дали е потребно спроведување на СОЖС.

Определување на обемот: определување на обемот на информации и нивото на детали кои ќе бидат содржани во Извештајот за СОЖС.

Извештај за СОЖС е главниот механизам за известување во врска со описот и евалуацијата на значителните влијанија (позитивни и негативни) врз животната средина од имплементација на планскиот документ, како и активностите за спречување, намалување и колку што е можно повеќе, неутрализирање на значителните негативни влијанија.

Консултации со јавноста: опфаќа консултација со страните и засегнатата јавност во текот на определувањето на обемот на СОЖС, нацрт Извештајот за СОЖС и ставање на истите на јавен увид (објавување).

Прифаќање: обезбедување информации за одобрениот плански документ, односно колку од коментарите добиени во текот на консултациите биле земени предвид и методите за мониторинг на значителните влијанија од имплементацијата на планскиот документ.

Мониторинг на значајните влијанија врз животната средина во рана фаза за да им се овозможи на одговорните власти да преземат мерки за подобрување во текот на имплементацијата на планските документи.

СОЖС јасно ги идентификува сите релевантни негативни и позитивни аспекти од донесувањето на плановите или програмите, ги дефинира алтернативите и можни решенија за спречување или за ублажување на негативните ефекти во сите области.

При спроведувањето на плански документи за организација и користење на просторот за производните и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развој. Реализацијата на ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, треба да биде во согласност со определбите за заштита на животната средина и одржлив развој утврдени со Просторниот план на Република Македонија.

Слика 2-1: Постапка за утврдување на неопходноста од спроведување на стратегиска оцена на животната средина (SEA)



Стратегиската оцена на животната средина ги зема во предвид влијанијата врз животната средина и алтернативите во поширок обем, а исто така:

- предвреме ги зема во предвид алатките кои би се користеле за да ја подржат формулацијата на стратегиската акција за одржлив развој;
- овозможува зголемување на ефикасноста при донесување на одлуки;
- овозможува систематски и ефективен приод кон животната средина од повисоко ниво при донесување на одлуки;
- ги поддржува консултациите и учеството на јавноста.

Извештајот за стратегиската оцена на животната средина треба да содржи детали од планските документи како и други информации, кои ќе бидат земени во предвид при понатамошната оцена на животната средина, односно треба да содржи податоци за можните влијанија врз:

- населението, здравјето на луѓето, флората, фауната, почвата, водата, климатските фактори, материјалните добра, културното наследство каде се вклучени архитектурните и археолошките наследства, пејзажи и др;
- краток преглед на причините врз основа на кои се одбираат алтернативите;
- предвидените мерки за заштита и намалување на влијанијата.

Анализата на влијанијата врз животната средина има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. Влијанијата врз специфичните медиуми од животната средина ќе бидат намалени или ефективно подобрени доколку се предвидат мерки за заштита, намалување и неутрализација на истите.

Во рамките на Извештајот за стратегиска оценка, исто така се дава осврт на планот за мониторинг на животната средина, чија основна цел е следење на ефектите од применетите мерки за ублажување.

При водење на процедурата за СОЖС важна улога имаат консултациите и учеството на јавноста, што овозможува: целосна информираност за основните податоци за животната средина, релевантните податоци и вредности на индивидуално ниво и на ниво на заедница; зголемување на транспарентноста во донесувањето одлуки, преку обезбедување информации кои овозможуваат идентификација на влијанијата во рана фаза и предлог мерки за нивно намалување; поголемо разбирање и избегнување непотребни противречности и одложување на процесот за донесување одлуки, кое во покасните фази може да настане како резултат на недоволно разбирање.

Доколку сите согледувања дадени во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина бидат земени во предвид и имплементирани во ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини за којшто се изготвува овој Извештај, ќе се избегнат сите несакани последици, што значи ќе се заштеди време и пари што е само дел од целите на

стратегиската оцена на животната средина. Исто така, ќе се обезбеди заштита и одржлив развој на ресурсите, заштита на медиумите во животната средина и здравјето на луѓето.

3. ЗАКОНСКА РАМКА

Прашањата во врска со заштитата на животната средина и просторното планирње, односно спроведувањето на планските документи за организација и користење на просторот за производните и услужни дејности, се обработуваат во Просторниот План на Република Македонија и Законот за спроведување на ПП, како и Законот за просторно и урбанистичко планирање .

На национално ниво, политиката за животна средина е опфатена со голем број на закони, подзаконски акти, стратешки документи и др. Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, КО Будимирци, Општина Новаци е изработен согласно постојната законска регулатива во заштита на животната средина и просторното и урбанистичкото планирање во Република Македонија:

- Закон за заштита на животната средна (Сл. весник на РМ бр.53/05; бр.81/05; бр.24/07; бр.159/08; бр.83/09; бр.48/10; бр.124/10; бр.51/11; бр.123/12; бр.93/13; бр.42/14 и бр.44/15)
- Закон за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 51/05, бр. 55/13, бр. 163/13 и бр.42/14)
- Просторен План на РМ („Службен весник на РМ“ бр. 39/04)
- Закон за спроведување на Просторниот План на РМ („Службен весник на РМ“ бр. 39/04)
- Закон за заштита на природата („Службен весник на РМ“ бр. 67/04, бр. 14/06, бр.84/07, бр.35/10, бр.47/11, бр.148/11, бр.59/12, бр.13/13 и 163/13)

- Закон за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на РМ“ бр.79/07 и бр.163/13)
- Закон за управување со отпад - пречистен текст („Службен весник на РМ“ бр.09/11, бр.123/12, бр.147/13 и бр.163/13)
- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух - пречистен текст („Службен весник на РМ“, бр.100/12)
- Закон за водите („Службен весник на РМ“ бр.87/08, бр.06/09, бр.161/09, бр.83/10, бр.51/11, бр. 44/12, бр. 23/13 и 163/13)
- Закон за процена („Службен весник на РМ“ бр.51/05, бр.115/10, 158/11, бр.185/11 и бр.64/12)

Подзаконски акти - Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина:

- Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на РМ“ бр.147/08 и бр.45/11)
- Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Службен весник на РМ“ бр.153/07 и бр.45/11)
- Уредба за содржината на извештајот за стратегиската оцена на животната средина („Службен весник на РМ“ бр.153/07)
- Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето („Службен весник на РМ“ бр.144/07)
- Правилник за начинот на спроведување на прекугранични консултации („Службен весник на РМ“ бр.110/10)
- Правилник за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од

спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена („Службен весник на РМ“ бр.122/11)

3.1. СОЖС и урбанистичко планирање

Просторното и урбанистичкото планирање е континуиран процес кој се обезбедува со изработување, донесување и спроведување на просторен план и урбанистички планови со цел да се обезбеди уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата.

Во зависност од просторот кој е предмет на планирањето, Законот за просторно и урбанистичко планирање на Република Македонија предвидува донесување на следниве планови:

- Просторен план на Република Македонија (план за намена и користење на просторот на територијата на целата Република)
- Урбанистички планови: Генерален урбанистички план (на ниво на град), Детален урбанистички план (на ниво на дел од град), Урбанистички план за село (на ниво на село), и Урбанистички план вон населено место (на ниво на подрачје надвор од град или село).

Просторниот план на Р. Македонија е донесен на 11.06.2004 како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ со цел утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредување и користење на просторот. Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и лоцирање на активности на простори врзано со местото на искористување. Меѓу приритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено ограничување на транформацијата за неземјоделско користење, како и зачуваување на квалитетот и природната плодоност на земјиштето.

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на унапредувањето и заштитата на животната средина. Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор за ограничување на планирањето на одредени активности, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата или соодветниот третман на културното богатство согласно неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Со Законот за просторно и урбанистичко планирање на Република Македонија се уредуваат условите, начините и динамиката на спроведување на Посторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот. Едно од основните начела на Законот е координација на Просторниот план на Република Македонија со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот.

Спроведувањето на планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи како и другите развојни програми и сите видови на планови, со Просторниот план. Просторниот план се спроведува со изготвуваање и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторни планови на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и со урбанистички планови за населените места и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон.

За изготвување и донесување на овие планови се изработуваат услови за планирање на просторот, кои треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирање на просторот и поставување на планските концепии и решенија по сите области релевантни за планирање во соодветниот плански документ.

4. ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА НА СТРАТЕГИСКИОТ ДОКУМЕНТ И ОПФАТ

4.1. Содржина на планскиот документ

Локалната Урбанистичка Планска Документација за изградба на ловен дом со пратечки содржини, КО Будимирци, Општина Новаци е изработена од страна на Архитектонски факултет при Универзитет "Св.Кирил и Методиј"- Скопје, во јули 2015 година.

Просторот во рамките на планскиот опфат досега не е третиран со урбанистичка планска документација. Изработката на ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, КО Будимирци, Општина Новаци, е базирана врз Законот за просторно и урбанистичко планирање како и Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на РМ, бр. 78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичкото планирање (Сл. весник на РМ, бр. 78/06, 140/07 и 12/09).

Локалните урбанистички плански документации од членот 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 162/13 и 42/14), кои третираат простори кои се вон планските опфати на урбанистичките планови, се изработуваат врз основа на „Извод од Просторниот план на Република Македонија".

За предметниот локалитет, врз основа на усвоената Планска програма се изработени Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, од страна на Агенцијата за планирање на просторот (Решение бр.15-7753/5 од 26.09.2014).

Составни делови на ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, КО Будимирци, Општина Новаци, се:

- Документациона основа со текстуален дел и графички прилози
- Планска документација со текстуален дел и графички прилози
- Нумерички дел

Документационата основа содржи анализа за постојната состојба во рамки на планскиот опфат од аспект на изградени и неизградени површини, нумерички показатели и комунална инфраструктрура. Претставени се можностите и економската основа за просторен развој, како и програмските проекции за подрачјето на планскиот опфат. Во документационата основа се наоѓаат податоци за географското одредување на планскиот опфат, границите и површината на планскиот опфат, претставен е историјатот на планирање на подрачјето. Исто така во овој дел накратко се систематизирани и податоците за природните карактеристики на опфатот, како што се климатските, рељефните и сеизмичките карактеристики и вегетациски карактеристики и пејзаж.

Графичкиот дел на документационата основа ги содржи следните прилози: Извод од Просторен план на РМ 2002 – 2020 – биланс на намена на површините (користење на земјиштето) во размер 1:250000; Извод од Просторен план на РМ 2002 – 2020 – просторно функционална организација (систем на населби и сообраќајна мрежа) во размер 1:250000; Извод од Просторен план на РМ 2002 – 2020 – техничка инфраструктура (водостопанска и енергетска инфраструктура) во размер 1:250000; Извод од Просторен план на РМ 2002 – 2020 – заштита на животната средина (реонизација и категоризација на просторот за заштита) во размер 1:250000; Ажурирана геодетска подлога, во размер (1:1000); Инвентаризација и снимање на бесправно изградени градби, во размер (1:1000); Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура, во размер (1:1000).

Во **планската документација** пак се сместени планските решенија и се дефинираат планските одредби потребни за донесување и спроведување на планот. Претставени се видот на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и планскиот период за кој се донесува, географска и геодетска местоположбата на планскиот опфат, текстуалните одредби од изводот од план од повисоко ниво, планската и проектната програма, опис и образложение на планскиот концепт и планските решенија за изградба планирана состојба (сообраќајна мрежа, хидротехничка инфраструктура, електроенергетика). Потоа во овој дел е дадено економско образложение за реализација на планот, мерки за заштита, општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за целиот плански опфат, како и посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите.

Графичкиот дел од планската документација ги содржи следните прилози: План за намена на земјиштето и градбите (1:1000); Регулационен план и план на површини за градење (1:1000); Сообраќаен и нивелациски план (1:1000) и Синтезен план (1:1000).

Нумеричкиот дел ги содржи нумеричките показатели со урбанистички параметри и билансните показатели од планските решенија.

Условите за градба содржат општи услови за градба, развој и користење на земјиштето, посебни услови за градба, развој и користење на земјиштето кои важат за целиот плански опфат, класи на намена, градежни парцели, природа на зафатот, зеленило и паркирање во самата парцела.

4.2. Плански опфат

Југоисточно од градот Битола, во областа позната како Мариово се наоѓа ловиштето за крупен дивеч „Ниџе". Вкупната површина на ловиштето изнесува 20.286ha, а ловната површина изнесува 19.694ha.

Предметниот опфат се наоѓа во рамки на ловиштето бр. 4 „Ниџе", и ги опфаќа делумно катастарските парцели 1732, 1750 и целосно 2109 во катастарската општина Будимирци, Општина Новаци. Вкупната површина на планскиот опфат изнесува околу 3 ха (3ха00ари88м^2), односно 29.956,3м^2. Површината по катастарски парцели изнесува КП 1732/3 е со површина од 1098,9 м^2, КП 1732/4 е со површина од 18077,1 м^2, КП 1750/2 е со површина од 2027,9 м^2, КП 1750/3 е со површина од 1506,4 м^2 и КП 2109 е со површина од 7246,0 м^2

Границата на опфатот е дефинирана помеѓу:

- На **исток** границата се движи во рамките на КП 1732, КО Будимирци, продолжува по границата помеѓу КП 2109 и КП 1750.
- На **север** границата се движи во рамките на КП 1732, КО Будимирци, потоа продолжува по локалниот пат во рамките на истата парцела, потоа навлегува во КП 1750 и повторно се движи во КП 1732.
- На **запад** границата се движи долж локалниот пат во КП 1750, па продолжува во рамките на КП 1732, КО Будимирци.
- На **југ** границата се движи по границата помеѓу КП 2109 и КП 1732, продолжува по локалниот пат низ КП 1750, па навлегува во КП 1732 и пак се спушта пратејќи го локалниот пат низ КП 1750 се до почетната точка.

Сообраќајниот пристап до локалитетот е преку локалниот пат кој доаѓа од јужната граница на опфатот.



Слика 4.2-1. Катастарски парцели согласно ажурирана геодетска подлога



Слика 4.2.-2. Местоположба на локацијата

4.3. Намена на земјиштето

Со Локалната урбанистичка планска документација, на предметната градежна парцела е утврдена површина за градба на повеќе градби со група на класи на намена **А – домување,** односно со основна класа на намена **А4 –** времено сместување во кое спаѓаат сите видови мотели, викенд куќи, планинарски домови, **ловни домови**, кампови и сл., и компатибилните класи на намена Б1 – мали комерцијални и деловни намени (30%), Б3 – големи угостителски единици (30%), В2 –здравство и социјална заштита (30%), и Д3 – спорт и рекреација (30%), (вкупно 30%).

Растојанијата помеѓу границата на градежната парцела и површината за градење се во согласност со член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл. весник на Р.М, бр. 63/12, 126/12, 19/13, 167/13 и 37/14). Дефинираната максимална височина на хоризонталниот венец на стреата на објектот е во склад со член

41 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М, бр. 63/12, 126/12, 19/13, 167/13 и 37/14).

Покрај максималната висина на венец, во нумеричките податоци е дадена и максималната катност на планираната височина за градба.Оваа Локална урбанистичка планска документација треба да овозможи реализација во рамките на максимална височина до хоризонталниот венец на градбата од 12.00 м, со катност П+2+Пк.

Основна класа на намена :	**А –домување**
Поединечна класа на намена:	**А4 –** времено сместување во кое спаѓаат сите видови мотели, викенд куќи, планинарски домови, **ловни домови**, кампови и сл.
Површина на градежна парцела	3 ха (3ха00ари88м2)
Максимална површина за изградба на градбата во утврдениот простор за градење	9000м²
Вкупна изградена површина на сите спратови	ќе се утврди со АУП
Максимален број на спратови	ќе се утврди со АУП
Максимална височина на градбите до венец	12м (катноста ќе се утврди со АУП)
Висинска кота на приземна плоча	ќе се утврди со АУП
Процент на изграденост во однос на градежната парцела (П)	30%
Коефициент на искористеност во однос на градежната парцела	0,9
Висина на кровна конструкција	ќе се утврди со АУП
Мах. агол на кров	ќе се утврди со АУП
Паркирање: Внатре во градежната парцела	Ќе се дефинира со АУП, а големината и бројот на паркинг местата да биде исклучиво согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14), член 61.

Табела 4.3-1. Класа на намена на земјиштето

4.4. Сегашна состојба на предметниот простор

Површината која е предмет на работа е неизградено земјиште во Будимирци, Општина Новаци. Будимирци се наоѓа на десната страна на Црна Река, брои околу 90 жители. Локалитетот е во рамките на ловиштето бр. 4 „Ниџе“, и планскиот опфат кој е предмет на ЛУПД опфаќа дел од КП 1732, дел од КП 1750 и целосно КП 2109, КО Будимирци, Општина Новаци.



Слика 4.4-1. Мапа на локација - макролокација



Слика 4.4-2. Мапа на локација - микролокација

4.4.1. Изградени и неизградени површини

Инвентаризација на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супрструктура

Во рамките на планскиот опфат постојат ловотехнички објекти предвидени согласно Ловностопанската основа со површина од 850 м^2.

Инвентаризација на постојни споменични целини

Во рамките на планскиот опфат не се евидентирани постојни споменични целини. (Писмо од Министерство за култура на РМ, бр. 17-2329/2 од 13.08.2014).

Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура

Сообраќајниот пристап до локалитетот е преку локалниот пат кој минува долж дел од западната, источната и јужната граница на опфатот. На предметниот локалитет не се евидентирани и не постојат: електрична инфраструктура, телефонска, водоводна и канализациска инфраструктура.

Инвентаризација и снимање на бесправно изградени градби

Во рамките на планскиот опфат нема бесправно изградени градби.

Бр.	Намена	Катност	Површина ($м^2$)
1.	Ловечка куќичка	П	568
1.	Ловечка куќичка	П	147
2.	Ловечка куќа	П	98
3.	Ловочуварска куќичка	П	37
		Вкупно	850

Табела 4.4.1-1. Постоечки објекти во рамки на планкиот опфат

Билансни показатели

Билансните показатели споредбено ги покажуваат нумеричките вредности од планското решение и оние од постојна состојба од документациона основа.

Регистрирани градби во планскиот опфат	4
Намена	Ловотехнички објекти
Изградена површина на приземје ($м^2$)	850 $м^2$
Развиена површина по катови ($м^2$)	850 $м^2$
Процент на изграденост во однос на градежна парцела (%)	2 %
Намена	Ловен дом со пропратни содржини
Планирана површина за градење ($м^2$)	9000 $м^2$
Вкупна развиена површина за градење ($м^2$)	27.000 $м^2$
Процент на изграденост	30%

Табела 4.4.1-2. Билансни показатели од документациона основа

5. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Концептот на планиран стопански развој утврден со Просторниот план на Р. Македонија ќе се реализира со изработка на просторни и урбанистички планови од регионално и локално ниво кои ќе се темелат на основните услови и претпоставки за остварување на целите и определбите поставени во областа на развојот и разместеноста на стопанските дејности. Во тој контекст оваа локална урбанистичка планска документација треба да биде во функција на остварување на определбите на Просторниот план на Р. Македонија за подем на стопанските активности на просторот на државата.

При тоа инвестиционата активност на стопанските субјекти, со која се создаваат можност за нови вработувања, подобар стандард и развој на вкупната економија на локално и национлно ниво, треба да биде поставена на принципите и критериумите за заштита на животната средина.

Просторниот развој на подрачјето е поткрепен со програмска проекција од намени, содржини што ги дава инвеститорот во координација со локалната самоуправа.

Површината на планскиот опфат е неизградено земјиште. Со ЛУПД се планира да се формира градежна парцела и да се предвиди површина за градење на повеќе градби со намена во согласност со барањата на Инвеститорите и изработените Услови за планирање на просторот.

Предвидени се следните класи на намени:
А4 – ловен дом со пропратни компатибилни намени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Растојанијата помеѓу објектите треба да бидат во согласност со член 42 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 63/12,

126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14). Висините на објектите да се дефинираат во склад со член 43 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14).

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот, решенијата во просторот треба да овозможат: погоден степен на изграденост на просторот на градежната парцела, заштита на природните и создадени ресурси и вредности, сообраќајно и информатичко поврзување, локациска флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.

Програмските проекции на просторот се движат во следните насоки:

• Просторот е планиран за Ловен дом со пропратни содржини, на дел од КП 1732, дел од КП 1750 и КП 2109, КО Будимирци, Општина Новаци, кој кореспондира со Основната класа на намена А4 и нејзините пропратни содржини: согласно Правилникот за стандарди ноирмативи за планирање на просторот.

• Во рамките на градежната парцела која е предмет на ова ЛУПД да се определи површината за градење, со цел рационално искористување на расположивото земјиште на парцела, согласно со важечката законска и подзаконска регулатива.

Во согласност со нормативите за планирање на сообраќајот, паркирањето на возилата да се обезбеди во рамките на градежната парцела, предмет на овој ЛУПД. Треба да се предложи просторно решение што ќе обезбеди рационален степен на искористеност на градежното земјиште.

5.1. Опис и образложение на плански решенија за градбата

Планскиот опфат е во една целина, како единица на градежното земјиште. Границата на планскиот опфат во овој случај е една.
Обележувањето на градежната парцела е со нумерација - број на градежната парцела. Намената на земјиштето во планскиот опфат е дефинирана со ЛУПД.

Со Планот е утврдена група на класа на намена **А –домување,** односно со основна класа на намена **А4 –** времено сместување во кое спаѓаат сите видови мотели, викенд куќи, планинарски домови, **ловни домови**, кампови и сл., и компатибилните класи на намена Б1 – мали комерцијални и деловни намени (30%), Б3 – големи угостителски единици (30%), В2 –здравство и социјална заштита (30%), и Д3 – спорт и рекреација (30%), (вкупно 30%).

Во планскиот опфат има планирана градежна парцела со класа на намена времено сместување во кое спаѓаат сите видови мотели, викенд куќи, планинарски домови, **ловни домови**, кампови и сл., и компатибилните класи на намена Б1, Б3, Б2, Б6 и Д3, во која спаѓа и предметната намена согласно предметниот ЛУПД.

Со Планот се утврдени следните класи на намени:
А –домување, односно со основна класа на намена **А4 –** времено сместување во кое спаѓаат сите видови мотели, викенд куќи, планинарски домови, **ловни домови**, кампови и сл., и компатибилните класи на намена Б1 – мали комерцијални и деловни намени (30%), Б3 – големи угостителски единици (30%), В2 –здравство и социјална заштита (30%), и Д3 – спорт и рекреација (30%), (вкупно 30%). Класата на намена е впишана на самата површина за изградба на градежната парцела, а во легнда и компатибилните класи на намена.

Сообраќајно решение

Сообраќајниот пристап до градежната парцела предмет на ова ЛУПД е решен постоен локален пат. Профилот на овој пат овозможува движење на возила во два правци. Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај, потребите за паркирање за градежната парцела ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела со почитување на потребен број паркинг места, како основен услов за изградба до минимално дозволената висина и површина за градба согласно член 52 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл. весник на Р.М, бр. 63/12, 126/12 и 19/13).

ПТТ Инсталации

Целиот овој регион е покриен со сигнал на трите компании за мобилна телефонија во РМ.

Хидротехничка инфраструктура

Водоснабдување

Водоснабдувањето на објекти во рамките на градежната парцела се предвидува со сопствен ситем на обезбедување на техничка и вода за пиење. Истата ќе се обезбеди од Бунар или друго соодветно техничко решение.

Фекална канализација

Фекалната канализација ќе се решава преку изработката на основните проекти за објектите во парцелата. Истата ќе биде решена со обезбедување на соодветна пречистителна станица и септичка јама.

Економско образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализацијата на планските решенија

Најчесто урбанистичките планови се прават со цел активирање на простор кој би можел да донесе стопански развој и странски инвеститори кои би учествувале во финансирање

на реализација на планските решенија. Имајќи ја во предвид актуелната и глобална состојба во која се наоѓаат сите населени места во Македонија, проблемот со невработеноста и процесот на пропаѓањето на многу производни капацитети го исфрала на првото места на листата од приоритените задачи на секоја заедница. За таа цел, а во контекст на горекажаното како приоритети за реализација на планските решенија треба да бидат изработување на планови од пониско ниво во зоните за производство, дистрибуција и сервиси. Со изработката и донесувањето на овие планови би се стимулирала изградбата на помали стопански капацитети, сервиси и сл., а со што би се направил добар предуслов за стимулација на трансферот на земјиште, градежништво, кое само по себе ангажира голем број на работна сила и голем број а професии, обезбедување на нови работни места и во крајна мера обезбедување на инфраструктурна опременост на просторот.

Економското образложение за оправданоста на планскиот концепт произлегува од местоположбата на локалитетот и планските решенија кои ги нуди предметната локална урбанистичка планска документација.

Планот предвидува 27.000,0 м² максимална можна бруто развиена површина за објектот, при што процентот на изграденост ќе изнесува на 30,0%, а коефициентот на искористеност на земјиштето ќе изнесува 0,9. Со тоа, реализацијата на оваа планска документација ќе придонесе кон порационално искористување на градежното земјиште, што е придобивка за населбата и Општината Новаци.

6. ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Состојбата на животната средина и еколошките барања се многу битен фактор на ограничување во планирање на развојните плански програми заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата, промоцијата и соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата вредност и значење.

Република Македонија со цел заштита на животната средина има постигнато едно завидно ниво преку донесување на низа закони и подзаконски акти, кои се во согласност со Европските Директиви и голем дел од нив се транспонирани во националното законодавство од областа на животната средина.

Во Законот за животна средина се транспонирани обврските за заштита на животна средина и се усогласени со ЕУ Директивите, а кои се однесуваат на (Оценка на влијанијата на проектите врз животната средина, Стратегиска оценка на влијанието на планските документи врз животната средина, Интегрираното сперчување и контрола на загадувањето), истите во голем дел се усогласени со техничките барања на ЕУ Директивите.

При подготовката на извештајот за стратегиска оцена на животната средина за ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, КО Будимирци, Општина Новаци, беа земени во предвид сите важечки законски прописи и стручна литература релевантна за оваа област. Исто така беше направена и анализа за одредување на целите на заштита на животната средина содржани во планските документи донесени на локално ниво.

6.1. Генерални цели на заштита на животната средина на предметниот опфат

Од аспект на заштита на животната средина, планската документација, односно урбанистичките планови треба да се усогласат со Просторниот план на Република Македонија. Врз основа на режимот за заштита, предвиден со Просторниот план, се организира распоред на активности и изградба на објекти, кои ги исполнуваат барањата поставени со одржливиот стопански развој и современиот третман на заштита.

Во зависност од стопанската побарувачка активирањето на нови подрачја кои имаат природни развојни потенцијали е од посебна важност за недоволно развиените краеви. Нивната експлоатација може да се искористи како потенцијален извор на странските инвестиции и можност за отварање на нови работни места.

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот рзвој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој, а особено во однос на стопанисувањето на земјоделското земјиште, шумите и водите и заштитата на создаденото и природното богатство
- Проширување на постојните градежни подрачја и формирањето на нови може да се врши со изработка на урбанистички планови вон населено место, врз база на критериумите определени во просторните планови;
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатства од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина. Особено внимание да се даде на планирањето на инфраструктурните коридори и објекти со приоритетно користење на постојните траси и помалку вредни простори;
- Во планирањето на уредувањето на комплексот и прилагодувањето на новите потреби и иницијативи, треба да се утврдт оптималните можности на развој;

За реализација на системот за заштита на животната средина при спроведување на ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, КО Будимирци, Општина Новаци, потребно е да се има во предвид следното:

- Согласно Законот за животна средина (Сл. весник на Р.М. бр. 53/05) и Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл. в. на Р.М. бр. 74/05), за планирање на овој вид на објекти со карактер од времено сместување но и комерцијални дејности, треба да се утврди потреба за спроведување на постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
- При планирањето на локацијата да се почитува заштитната зона на патот со минимална широчина од 10 метри кај локални патишта, согласно законот за јавни патишта (Сл. в. на Р.М. бр. 26/96)
- Да се обезбеди заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура.

Генералните цели на животната средина кои се однесуваат на предметниот простор, се:

- Регулирање на процесот на диво изградени објекти, објекти за домување и објекти со стопанска, деловна и комерцијална намена;
- Рационалното искористување на природните ресурси и животниот простор, преку спречување на деградирање на почвените површини, пренамена на земјоделското земјиште со висока бонитетна класа за непродуктивни или помалку продуктивни цели, итн.
- Спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитувапросторот, ресурсите и националното богатство;
- Организирање и уредување на просторот со цел да се постигне севкупен развој, посебно во однос на стопанисувањето на земјоделското земјиште, шумите и водите и заштита на природното и создаденото богатство
- Поголемо внимание на планирањето на инфраструктурните коридори и објекти со приоритетно користење на постојните траси и помалку вредни простори;

- Обезбедување на превентивни мерки во заштита на површинските и подземните водени текови, обезбедување на третман на отпадните води до квалитетот на класата на реципиентот;
- Минимизирање на создавањето на отпад, пред се комунален цврст отпад, негово собирање, складирање на места одредени за таа намена;
- Зголемување на површините на заштитно зеленило на места каде тоа е деградирано и каде дозволува класата на намена на земјиштето;
- Да се имплементираат мерки за заштита од загадување на воздухот, преку употреба на современи методи за пречистување на отпадните гасови;
- Мониторинг на отпадните гасови, согласно Законот за квалитет на амбиентниот воздух (Сл. в. на РМ, бр. 67/04);

6.2. Сегашни проблеми со животната средина во и околу планскиот опфат

- Неконтролирана урбана градба и појава на дивоградби според Локалниот еколошки акционен план на општина Новаци, донесен во 2009 година. Предмет и главни цели на ЛУПД е да изготвува планска документација.

- Измена на струкурата на пределите и нивниот еколошки квалитет според Локалниот еколошки акционен план на општина Новаци, донесен во 2009 година. Предмет и главни цели на ЛУПД е да изгради стопански објект на земјиште кое не се карактеризира со особени природни вредности.

- Трајна пренамена на квалитетно земјоделско земјиште според Локалниот еколошки акционен план на општина Новаци, донесен во 2009 година. Предмет и главни цели на ЛУПД е да ги користи рационално земјоделските површини, да врши намена на површините по класи и да го утврдува бонитетот на земјиштето.

- Несоодветно постапување и техничко-технолошки постапки на депонирањето на отпадот на постојната депонија Мегленци што се користи од страна на јавното комунално претпријатие за згрижување на отпадот од општина Новаци, како и од другите соседни општини,

- Отсуството на организирана услуга во дел од руралните населби, како резултат на што се генерираат бројни неуредени депонии што се користат од страна на локалното население – непосредната локација на планскиот опфат не е опслужувана со услугата подигање на смет

- Загаден воздух и намален квалитет на воздух како резултат на работата на рударско-енергетскиот комплекс РЕК Битола

- Недоволна застапеност на системи за одведување и третман на отпадни води, што пак резултира со влошување на квалитетот на површинските и подземните води.

7. ЦЕЛ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА

7.1. Цел на извештајот за стратегиска оцена и применета методологија

Цел на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина е навремено да ги вклучи целите на заштита и унапредување на животната средина на подрачјето опфатено со планскиот документ. Целите на извештајот треба да бидат во согласност со целите на останатите плански документи на Општина Новаци и да бидат во функција на подобрување на состојбата со животната средина, со што индиректно се придонесува за повисок степен на заштита и унапредување на животната средина и принципите на одржливиот развој.

Подготовката на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина се базираше врз основа на проценки и аналитички пристап кој се состоеше од следните чекори:

- преглед и анализа на сегашната состојба на животната средина на и во околината на предложениот плански опфат во Општина Новаци;
- комуникација и размена на податоци со изготвувачот на ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, КО Будимирци, Општина Новаци;
- идентификација на веќе дефинираните цели за заштита и унапредување на животната средина во постоечките стратешки документи на локално, национално и меѓународно ниво;
- анализа на релевантната национална и меѓународна легислатива и примена на најдобрите светски практики и искуства;
- анализа на постојни плански документи од повисок ранг, како и плански документи изработени и усвоени на локално ниво;

- анализа на предвидените активности во ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, од кои се очекуваат влијанија врз животната средина;
- анализа на сите предложени решенија, нивните влијанија (позитивни и негативни) и дефинирање (предлог) соодветни мерки за избегнување, намалување или ублажување на негативните влијанија и зголемување на позитивните ефекти;
- оценка и споредба на можните влијанија од алтернативните предлози и давање на препораки од аспект на заштита на животната средина;
- подготовка на план за мониторинг на спроведувањето на предложените мерки;

7.2. Главни и специфични цели на стратегиската оцена на животната средина

Целите на стратегиската оцена на животната средина се дефинирани согласно националната и меѓународна легислатива и се прикажани преку статусот на биолошка разновидност, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра, културното наследство и пределот, и др.

Главни цели на Извештајот за стратегиската оцена на животната средина се:
- да обезбеди идентификација, опис, евалуација и известување за влијанијата/ефектите на планскиот документ врз животната средина;
- да се спречат, намалат и неутрализираат негативните влијанија врз животната средина;
- да се обезбеди мислење од јавноста кое ќе покаже како резултатите од оцената на животната средина и мислењата се земени во предвид во конечната верзија на планскиот документ;
- да обезбеди следење на значајните влијанија врз животната средина од имплементацијата на планскиот документ од страна на надлежните органи, со што ќе се обезбеди идентификација на непредвидените негативни влијанија во рана фаза на имплементација на планскиот документ и преземање мерки за подобрување на состојбата, ако е потребно.

Специфични цели на стратегиската оцена на животната средина се:

- одржување и подобрување на квалитетот на воздухот;
- намалување на емисиите на издувни гасови;
- заштита и подобрување или обновување на инфраструктурата;
- зачувување и унапредување на историските градби, археолошки наоѓалишта и други важни културни локалитети;
- намалување на загубата на биолошката разновидност;
- подобрување на системот на заштитените подрачја;
- подобрување и заштита на здравјето на луѓето;
- подобрување на квалитетот на живот на населението;
- зголемување на животниот стандард;
- одржување на употреба на вода, истекување и повторно полнење во рамките на капацитетот (вклучувајќи го и идниот капацитет);
- намалување / управување со ризик од поплави
- заштита на почвата од деградација и губење на нејзината плодност и
- заштита на површинските и подземните геоморфолошки вредности.

Придобивките од спроведување на стратегиската оцена на животната средина се:
- интегрирање на социјалните, економските и аспектите на животната средина;
- меѓусекторска соработка;
- земање предвид на националните, регионалните и локалните потреби и цели;
- земање предвид на целите за заштита на животната средина;
- конзистентност со стратешките определби за одржлив развој;
- добивање вистинити и реални информации, кои ќе им помогнат на носителите на одлуки на повисоко ниво во донесување на истите.

7.3. Цели на ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, КО Будимирци, Општина Новаци

Мотивот за изработка на ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, КО Будимирци, Општина Новаци, произлегува од потребата за максимално планерско искористување во рамките на постојните урбанистички парцели.

Најчесто, целта на урбанистичката планска документација е да се обезбеди реално, економски издржано и еколошки квалитетно решение во областа на карактерот и намената на просторот, системот на градби, сообраќај и инфраструктура на планскиот опфат. Со други зборови да придонесе кон развој на општината, како и нејзино целосно дооформување, како знаачаен услов за стандардот на живеење на луѓето и зачувување на животната средина и заштита на човековото здравје.

Со постигнување на наведените цели се добива потребна функционално-просторна организација на просторот и соодветен квалитет на живеење и користење на истиот.

Главната цел на предментната локална урбанистичка планска документација е усогласена со потребите на инвеститорот за изградба на Ловен дом со пропратни содржини, КО Будимирци, Општина Новаци, а тоа е формирање на градежна парцела на дел од КП 1732, дел од КП 1750 и КП 2109 КО Будимирци, Општина Новаци и предвидување на површина за градење на повеќе градби со намена А4-ловен дом со пропратни компатибилни содржини, а во согласност со барањата на Инвеститорите и изработените Услови за планирање на просторот.
Изградбата на комплексот, треба да го поттикне локалниот стопански развој, како и да обезбеди поквалитетна организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот.

Крајна цел на ЛУПД е уредување на просторот со определување на градежна парцела како и уредување и користење на просторот во парцелата.

Поединечни цели на документот се:

- Придонес кон заложбите на Република Македонија за спроведување на концепцијата на просторната организација на стопанските дејности по пат на нивна дисперзија и концентрација;
- Овозможување на приватни иницијативи и поттикување на приватни инвестиции во развивање на стопанството;

При спроведувањето на ЛУПД која се врши организација и користење на просторот во рамките на планскиот опфат, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, како и развој на ловен туризам.

7.4. Врска и усогласеност со други стратешки плански документи

Компатибилност на целите на планскиот документ

Меѓусебната компатибилност на целите на планскиот документ најчесто се идентификува со помош на Матрица на компатибилност како алатка при стратегиска оцена на влијание на планскиот документ врз животната средина.

Може да се констатира големата усогласеност помеѓу целите на ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, КО Будимирци, Општина Новаци, преку можноста за максимална искористеност на изградената површина согласно законските обврски и дооформување на сообраќајните и инфраструктурните мрежи кои ќе овозможат развој на локалниот одржлив развој.

Се очекува позитивен кумулативен ефект од реализацијата на целите и тоа врз социјалниот живот на населението, поголема вработеност, како и полесна и побрза комуникација.

Треба да се има во предвид дека целите на планскиот документ, во еден дел можат да биде во конфликт со животната средина, и тоа би било краткорочни негативни влијанија во фазата на изградба (аерозагадување, бучава, создавање на отпад) и долгрочно трајна промена на дел од пределските карактеристики. Од друга страна пак со самото тоа што станува збор за зона за класа на намена А4 и нејзините пропратни содржини и компатибилни класи на намена кои не се вбројуваат во загадувачи или извори на загадување на животната средина и здравјето на луѓето, сметаме дека во оперативната фаза, односно по реализација на ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини нема да има значајни последици врз животната средина и здравјето на луѓето.

Како составен дел на Извештајот за стратегиска оцена се презентирани дополнителни мерки за спречување, намалување или ублажување на негативните влијанија врз животната средина од реализацијата на целите на планскиот документ.

Поврзаност со други стратешки плански документи

Реализацијата на просторното планирање и уредување на просторот ја наметнува потребата од интерактивно планирање, односно поврзување на различните области на живеење и делување на човекот и околината. Исто така целите на планските документи имаат директни или индиректни врски со други стратешки документи како на локално, така и на национално ниво.

Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на ловен дом со пропратни содржини, КО Будимирци,

Општина Новаци, се во согласност со одредбите на Просторниот план на Република Македонија кој е усвоен од Собранието на Република Македонија.

Сите активности во просторот, односно активностите поврзани со реализација на ЛУПД за изградба на ловен дом со пропратни содржини, КО Будимирци, општина Новаци, треба да се усогласат со Просторниот план на државата, особено оние кои се однесуваат на планирање и изградба на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации)
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи
- градежни објекти кои се важни за државата
- капацитетите за користење на природните ресурси

Просторните планови на регионите, општините и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намена и користње на површините,
- мрежата на инфраструктура
- мрежата на населби
- заштита на животната средина

Основа за изработка на планот е стратегијата за развој и наменската употреба на земјиштето утврдено со усвоениот Просторен План на Република Македонија за 2002 до 2020 година, а ќе се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 24/08 пречистен текст) и подзаконските акти што произлегуваат од истиот.

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на унапредувањето и заштитата на животната средина. Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во

планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и соодветниот третман на културното богатсво согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

ЛУПД за изградба на ловен дом со пропратни содржини, општина Новаци, е во согласност и со Вториот Национален Еколошки Акционен План (НЕАП), според кој покрај проблемите со квалитетот на животната средина, се утврдени и мерки за надминување на тие проблеми, односно рационално користење и уредување на просторот и зачувување на природните богатства во согласност до концептот за одржлив развој.

ЛУПД за изградба на ловен дом со пропратни содржини, општина Новаци, е во согласност и со Локалниот Еколошки Акционен План на Општина Новаци (ЛЕАП), изработен во 2009 година. Едни од главните цели на ЛЕАП-от се:

- заштита на биодиверзитетот,
- развој на стопанството,
- поголема урбанизација и
- намалување на бесправните градби.

Табела 7.4-1: Врска меѓу целите на СОЖС и целите на ЛУПД

СОЖС област	Цели на СОЖС	Специфични цели на СОЖС	Поврзаност на целите на СОЖС со целите на ЛУПД	Индикатори на СОЖС
Водни ресурси	Обезбедување на доволни количини на чиста и здрава вода за пиење, вода за наводнување, средени речни корита и текови, рационално искористување на водните ресурси	-достапност до доволно количество квалитетна вода за пиење и наводнување, -одржливо управување и користење на водните ресурси, -заштита, зачувување и подобрување на состојбата на водните екосистеми и заштита на здравјето на луѓето, -намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни материи и супстанции во водите.	- одржливо управување со водните ресурси во Општината; - дефинирање на заштитни зони околу изворникот за водоснабдување и дефинирање на заштита во зоните - мерки за заштита, одредување на заштитен појас на крајбрежието на Мала Река - изградба на сепаратен канализациски систем или септичка јама за отпадни фекални води - утврдување на потреба од изградба на мини пречистителна станица	- квалитет и безбедност на водата за пиење (анализи) - концентрација на полутанти во надземни / подземни води - изграден систем за собирање и третман на отпадни води,
Инфраструктура	Заштита и одржување, подобрување на состојбата на инфраструктурата	Изградба и/или реконструкција на инфраструктура - проекти за собирање и третман на отпадни води - проекти за собирање и повторно користење на атмосферски води	- изградба на системи за собирање и третман на отпадни води - собирање на атмосферските води во истечни канали - садење на дрва за заштита од ерозија	- изграден систем за собирање и третман на отпадни води, - изграден сепаратен систем за собирање на атмосфесрки води и нвно повторно искористување
Биодиверзиет	Зачувување и пошумување на шумите, заштита на биодиверзитетот	-Зголемување на јавната свест за вредностите на биолошката разновидност и одржливото користење на природните расурси, -Подобрување на состојбата со биолошката разновидност преку заштита на биодиверзитетот,	- мониторинг и заштита на загрозени видови - програма за заштита на локалната флора и фауна - почитување на одредбите од ловностопанската основа, во однос на сезони за забрана на лов и одржување на репродуктивниот центар	- Воспоставен мониторинг на природни живеалишта и видови, - Промени во статусот на загрозеност на видовите

Почва	Заштита и подобрување на квалитетот на почвата	-Заштита на почвата од деградација и губење на нејзината плодност; -Заштита од загадување (хемиски полутанти)	- Пошумување на местата кај што е најризично за лизгање на земјата -Намалување на емисиите од индустриските капацитети, - намалување на употребата на хемикалии и пестициди во земјоделските активности - санирање на диви депонии	-Број на изработени и реализирани планови за заштита од ерозија, -Број на затворени и ревитализирани депонии,
Воздух и климатски промени	Намалување на емисиите на штетни стакленички гасови во атмосферата преку примена мерки за енергетска ефикасност и замена на фосилните горива со обновливи извори на енергија	-Одржување и подобрување на квалитетот на воздухот, -Намалување на емисиите на стакленички гасови;	-Подобрување на квалитетот на воздухот, - Инсталирање на соларни панели - примена на обновливи извори на енергија за затоплување на објектот	- Број на реализирани проекти за искористување на соларната енергија
Отпад	Подобрување на начинот и практиките на управување со отпад	-Развој на систем за локално интегрирано управување со отпад	- Воспоставување систем за управување со отпад,	- количина на собран и прописно згрижен отпад
Население и здравје на луѓето	Заштита и унапредување на здравјето на населението	-Подобрување и заштита на здравјето на луѓето,	-Изградба на современи системи за водоснабдување и системи за третман на отпадни води, -Подобрување на квалитетот на воздухот,	-Трендови на загадување во медиумите од животната средина,
Социо-економски развој	Унапредување на животните услови на населението	-Подобрување на квалитетот на живот на луѓето.	-Поттикнување на учеството на јавноста во донесувањето одлуки за животна средина,	-Стапка на вработеност и животен стандард,
Културно Наследство	Заштита и унапредување на културното наследство	-Зачувување на историските градби, археолошки наоѓалишта и други важни културни локалитети.	- Реставрација на руинирани јавни објекти, со цел враќање на културните и традиционалните карактеристики	-Тренд на имплементација на мерки за заштита на културно богатство.
Материјални Добра	Заштита и унапредување на материјалните добра (инфраструктурата)	-Изградба, заштита и санација на системите за водоснабдување, третман на отпадни води,	-Изградба на системи за собирање и третман на отпадни води и системи за собирање на атмосферски води	-Број на изградени системи за собирање и третман на отпадни води,

8. СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Во извештајот за стратегиска оцена на животната средина за ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, КО Будимирци, Општина Новаци се разгледува опцијата без да се спроведе (bussiness as usual scenario) планска активност, односно работите да останат непроменети, или во првобитна состојба.

Во овој случај реализацијата на ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, КО Будимирци, Општина Новаци се оценува како потребна и позитивна, бидејќи станува збор за во најголем дел неорганизирана и неизградена површина, неземјоделско земјиште, земјоделско земјиште и делумно мало стопанство односно лесна индустрија.

Идниот развој на планскиот опфат директно ќе влијае на социо-економската положба на населението, развој на општината и подобрување на квалитетот на живење во однос на економските параметри. Реализацијата ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, КО Будимирци, Општина Новаци треба да се реализира под надзор и контрола на секој од планираните објекти со неминовно почитување на стандардите за животната средина.

При спроведување на планскиот документ треба да се земе во предвид сегашната состојба со најосетливите елементи на животната средина на планскиот опфат, односно еколошките проблеми и истиот да се насочи кон постигнување на одржлив социо-економски и културен развој, развиена урбана и рурална инфраструктура и чиста издрава животна средина.

Доколку реализацијата на планскиот документ остане на „do nothing“ ниво, односно ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, КО Будимирци, Општина Новаци, не се спроведе, се очекуваат следните случувања:

- Земјиштето на кое се наоѓа планскиот опфат ќе претставува земјиште со помала економска вредност, кое ќе остане без намена, и нема да може да се користи за потребите на граѓаните и инвеститорите;
- Поајва на некотролирани и некомпатибилни дејности (објекти со најразлични дејности), кои нема да бидат во согласност со одредбите на урбанистичкото планирање и заштитата на животната средина;
- Слаб социо-економски развој и локална економија, економскиот статус на жителите во општината ќе стагнира, а очекувањето на нови инвестиции ќе биде неуспешно;
- Намалена можност за вработување на локалното население, што ќе резултира со понатамошно зголемување на стапката на невработеност на локалното насление;
- Пораст на миграција или иселување во поголеми градови други држави;
- Поволностите кои ги нуди локацијата на планскиот опфат (поволната местоположба, како и постоечката сообраќајна, водоводна и енергетска инфраструктура), ќе останат неискористени;
- Пределските карактеристики и биолошката разновидност ќе останат на сегашното постоечко ниво – според експертскиот елаборат на оваа локација не се евидентирани карактеристични видови на флора и фауна, нити пак некое заштитено подрачје или споменик на природата.

9. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРОСТОРОТ И СЕГАШНА СОСТОЈБА СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Анализата на карактеристиките на подрачјето, односно планскиот опфат изградба на ловен дом со пратечки содржини, КО Будимирци, Општина Новаци претставува појдовна точка за идентификација на осетливите елементи на животната средина. Локацијата на планскиот опфат е територијата на ловиштето бр.3 Ниџе, во рамки на Општина Новаци, и во описот на животната средина за локацијата ќе се разгледуваат карактеристиките на општината и поширокото подрачје.

9.1. Опис на карактеристките на просторот на предметното подрачје

9.1.1. Географска положба и големина

Предметната ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини спаѓа во рамки на Општина Новаци, кој зафаќа површина од околу 773 км^2 во јужниот дел на Р. Македонија и се наоѓа на надморска височина од 580 метри, на географска ширина од 41° 2’ 40’’ и географска должина 21° 27’ 40’’. Најзначаен административен центар во Општината е населеното место Новаци, кое е центар на истоимената општина.

Општината Новаци го зафаќа југоисточниот дел на Пелагониската рамнина, централниот дел на течението на Црна Река, битолскиот дел на Мариово и пограничниот дел со Грција на потегот на планината Ниџе. Општина Новаци на север граничи со општина Прилеп и општина Могила, на запад со општина Битола и на јужниот и источниот дел со Грција во должина на гранична линија од околу 60 km.

Слика 9.1-1: Граници на општина Новаци

Фотографии од предметната локација

9.1.2. Релјеф

Предметната локација спаѓа во Западно-вардарска група планини и котлини - Пелагониди - Пелагониска област. Пелагониската област почнува на север од Сува Гора, а на југ продолжува до Грција. На исток е одделена од Ниска Македонија, а на запад од Шарската област е одделена со котлините: Преспанска Котлина, Кичевска Котлина, Полошка Котлина, и планините Баба, Бигла, Плакенска Планина, Илинска Планина, Бушева Планина, Песјак, Челоица, Сува Гора и Жеден.

Пелагониските планини морфотектонски се многу слични со Родопскиот предел и се составени од стари грададни планини и котлини во кои се наоѓаат стари карпи гнајсеви, гранити, микашести, шкрилци, мермери, но и понови карпи, како што се: мезозојски варовници, доломити, кенозојски-неогени глини, песоци итн. Западновардарската група планини и котлини особено е богата со плодно земјиште, шуми, пасишта, мермери, неметали, глина, минерални води итн.

Пелагониската Котлина и долината на реката Треска ја делат Западновардарската група на источен и западен дел. Источниот дел почнува од македонско-грчката граница со планината Ниџе, преку Селечка Планина, Мариовска Котлина, се надоврзува на планината Дрен, Бабуна, Јакупица со Даутица и Караџица. Западниот дел започнува со планината Баба, а северно од неа се надоврзуваат: Бигла, Плакенска Планина, Илинска Планина, Бушева Планина, Песјак, Чеолица и завршува со Сува Гора, меѓу долината на реката Треска и котлината Полог. Тука се најпознати планините, Баба, Јакупица и Ниџе каде е планирана реализацијата на ЛУПД за изградба на ловен дом со пропратни содржини.

Ниџе е типична јужна планина во Македонија, преку која води границата со Грција. Највисок врв е Кајмакчалан, висок 2521 метри. Според настанувањето и геолошкиот состав, таа настанала со раседнување во текот на терциерот. Составена е

од палеозојски шкрилци, а во повисоките делови има мезозојски варовници. Планината Ниџе е значајна по богатството со шума, планински пасишта, разновидна фауна. Изобилува со специфични фаунистички типови, кои се сретнуваат од Средоземјето до Северна Европа, а тука се распоредени на мал простор и тоа висински, од подножјето до врвот. Ниџе е расположена на македонско-грчката граница источно од Пелагониската Котлина и е петта по височина од планините во Македонија. На запад Ниџе се граничи со големата Пелагониска Котлина. Северозападната граница е Скочивирската Клисура - Црна Река после нејзиниот голем свиок јужно од Селечка Планина до сливот на реката Сатока. Од сливот границата завртува десно на повеќе од 90 степени и се упатува во југоисточна насока до сливот во Градиштанска Река. Спротиводно од неа достигнува до изворите, одделувајќи го Ниџе од Козјак на североисток.

Во Пелагониската област се наоѓа и најголемата котлина во Р. Македонија, Пелагонија, која самата по себе формира и посебна релјефна целина во рамките на родопската група на релјеф. Сместена е во југозападниот дел на Р. Македонија и северозападниот дел од Грција. Опфаќа површина од околу 4000 км²

9.1.3. Клима

Предметното подрачје има планинска клима која се одликува со кратки и свежи лета и со прилично студени и средно влажни зими, при што врнежите се најчесто во облик на снег.

Подрачјето има средна годишна температура на воздухот од 10,7 °C. Најстуден месец е јануари, со просечна месечна температура од 0,6 °C, но со апсолутна минимална температура од -30,4 °C. Најтопол месец е јули, со средна месечна температура од 21,2°C и со апсолутно максимална температура од 41,2 °C. Апслолутното годишно варирање на температурата на воздухот изнесува 71,6 °C.

Летните месеци се со малку врнежи, а доцните есенски се најврнежливи. Врнежите се најчесто од дожд просечно 70-80%, а снегот е ограничен главно во зимските месеци. Просечното годишно количество на врнежи изнесува 601 mm, со вредности кои се движат од 338 mm до 879 mm.

Мразниот период започнува од октомври, а завршува во мај, но стварниот број на мразни денови е значително помал од деновите на просечниот мразен период. Просечниот мразен период трае 168 дена а екстремниот мразен период 236 дена, додека стварниот просечен годишен број на мразните денови изнесува 84.

Релативната влажност на воздухот има обратен од од температурата на воздухот. Од јануари до јули се смалува, а потоа кон декември се зголемува.

Маглата не е ретка појава во оваа котлина. Се јавува преку целата година, но со најголема зачестеност е во трите зимски месеци, а со помала зачестеност е во септември, октомври и март. Просечниот број на денови со магла е 40.

Во овој регион преовладуваат ветровите од северниот и јужниот правец, и тоа северниот ветер со просечна годишна зачестеност од 189‰, и максимална брзина до 15,5 m/s и јужниот ветер, просечно 131‰, и максимална брзина до 18.9 m/s. Во Пелагонија се јавуваат и ветрови од локален карактер, како последица на нееднаквото загревање на котлината и околните планини.

9.1.4. Сеизмички карактеристики

Според сеизмичноста територијата на Р. Македонија и пограничните предели е одредена од трите главни, надолжни сеизмогени зони: Струмската, Вардарската и Дримската.

Територијалниот опфат на општина Новаци, припаѓа на Дримската сеизмогена зона. Битолското епицентрално подрачје, се одликува со интензивна сеизмичка активност. Интензитетот на идни можни земјотреси е од 7 до 8 степени и се претпоставува дека реонот северно од реката Шемница по геолошкиот состав би претрпел земјотрес до 7 степени, додека јужно од река Шемница се можни земјотреси и од 8 степени по МКS скалата.

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со примена на соодветни економски мерки за заштита на создадените вредности (градежна интервенција на носивата конструкција на постојните објекти, заради доведување на отпорност против најсилните земјотреси), односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

9.1.5. Население

Според Пописот од 2002 година во општината има 3549 жители (проценка од 31.12.2012 е 3268 жители), со густина на население од 4,71 лица/km2, со што се вбројува во ретко населените општини во РМ. Од вкупниот број на жители 38,7% претставува расположива работна сила, што е значаен потенцијал за иднот развој на овој крај.

Во однос на националната припадност, во општината доминираат Македонци со мнозинство од 98%, по нив следуваат Турци со 0,8%, Албанци со 0,6%, и други со 0,6%.

Со новата територијална поделба на Р. Македонија од 2004 година подрачјето на Општината Новаци опфаќа 41 село: Арматуш, Балдовенци, Бач, Биљаник, Брник, Брод, Будимирци, Велесело, Врањевци, Гермијан, Гнеотино, Гнилеж, Горно Агларци, Градешница, Грумази , Груништа, Далбеговци, Добровени, Добромири, Долно Агларци,

Долно Орехово, Живојно, Зовиќ, Ивени, Маково, Мегленци, Новаци, Ново Село, Орле, Паралово, Петалино, Полог, Рапеш, Рибарци, Скочивир, Сливица, Совиќ, Старавина, Суводол и Тепавци. Најблиската градска населба е Битола, оддалечена од с.Новаци 10 km.

Според социо-економските показатели, бројот на работоспособното население во општината изнесува 1 376 жители. Вработени се 908 лица, а стапката на невработеност изнесува 34%.

Што се однесува на преселничките движења, Општината Новаци не се разликува од другите подрачја во земјата, особено во однос на надворешните миграции. Во внатрешните миграции локалните преселувања се одликуваат со променлива динамика и релативно мал обем. Во меѓуопштинските преселувања, пак, значително поголем е бројот на отселените од доселените лица, односно таа е емиграционо подрачје претежно во Општина Битола.

9.1.6. Економски карактеристики

Општина Новаци е типична рурална општина, со доминантна стопанска дејност земјоделство и сточарство во приватен сектор.

На територијата на општина Новаци дел од стопанските активности ги извршува најголемиот земјоделски комбинат во Република Македонија – ЗК „Пелагонија“. Вкупната аграрна површина во општината изнесува околу 70 000 ha, од кои: 23 000 ha обработлива површина, 30 000 ha пасишта и 17 000 ha шуми.

Најголемиот капацитет за производство на електрична енергија во Република Македонија РЕК „Битола“ лоциран е на територијата на општина Новаци. Електраната работи на лигнит со приближна калорична вредност од 1850 kcal/kg кој се ископува од рудникот „Суводол“.

Вкупно генерираната електрична енергија во РЕК „Битола“ изнесува 4.600 GWh/год, што претставува повеќе од 70% од вкупно произведената елекртична енергија во Република Македонија.

Регистрирани се осум наоѓалишта за експолатација на минерална вода и гасови, две наоѓалишта за експлоатација на песок, чакал, кварц и други неметали.

9.1.7. Користење на земјиштето

Општина Новаци е типична рурална општина, со доминантна стопанска дејност земјоделство и сточарство во приватен сектор. Општината условно може да се подели на рамничарски и ридско-планински дел. Рамничарскиот дел (дел од Пелагониската котлина) е релативно стопански развиен дел.

Рамничарскиот и ридско планинскиот рељеф во голема мера влијаат на видот на земјоделското производство во кое преовладува: сточарството (говедарство, овчарство, козарство и свињарство), живинарството (кокошки) и пчеларство, поледелство: житните култури (пченица, јачмен, рж, овес и пченка), индустриските (сончоглед, маслена репа, тутун, шекерна репа и др.), фуражните култури, (пченка силажа, луцерка, сточен грашок и др.), нивските култури (компир, бостан, грав и др.), градинарските (домат, пиперка, кромид, зелка и др.). Од ова може да се заклучи дека аграрот во општина Новаци, дава големи можности за развој на стопансвото, со отворање на нови работни места, остварување на финансиски ефекти и добар стандард на населението во руралните средини.

На територијата на општина Новаци дел од стопанските активности ги извршува најголемиот земјоделски комбинат во Република Македонија – ЗК „Пелагонија“. Вкупната аграрна површина во општината изнесува околу 70.000 ha, од кои: 23.000 ha обработлива површина, 30.000 ha пасишта и 17.000 ha шуми.

Во однос на природните богатства и производство на еколошки здрава храна уште поповолна е ситуацијата во ридско планискиот дел од Општината. Имено, Мариовскиот дел на Општината е еден од еколошки најчистите региони во Македонија, регион кој располага со огромни површини на пасишта, шуми, води, разновидниста на животинскиот и растителниот свет како предуслов за развој на сточарството, пчеларството, билкарството и други капацитети за производсво на еколошки здрава храна. Со своите специфични културно-историски, географски и природни карактеристики, овој регион дава изворедни можности за развој на селскиот туризам, спортскиот лов и риболов и др.



Слика 9.1.7-1. Биланс на намена на површините – користење на земјиштето

9.2. ОПИС НА СЕГАШНАТА СОСТОЈБА СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

9.2.1. Квалитет на воздухот

Емисиите во воздухот може да се појават како резултат на сообраќајот, ложишта во домаќинствата, индустриски погони, откопување на јаглен, подигање на прашина на депониите и др. До најголемо загадување на воздухот доаѓа заради емисиите од РЕК Битола, посебно од трите блока на термоелектраните (ТЕ) “Битола”.

На основа на неконтинуирани мерења може се добие рамковен увид за состојбата на воздухот на територијата на планскиот опфат:

- чист воздух – во селските населби во високите реони на Општината;
- средно загаден воздух – с. Новаци, и околни селски населби околу РЕК Битола;
- загаден воздух – фабрички круг на РЕК Битола,

Квалитетот на амбиенталниот воздух во овој регион се следи преку автоматски мониторинг станици кои функционираат во рамките на Државниот мониторинг систем за кавалитетот на амбиенталниот воздух. Бидејќи Битола претставува поголема урбана средина во државата и индустриски град каде што има загадувачи на воздухот, а со цел следење на квалитетот на амбиентниот воздух, поставени се две автоматски мониторинг станици за квалитет на воздух. Станицата поставена во дворот на управната зграда на Стрежево претежно го следи загадувањето од сообраќајот и од затоплувањето на административните установи и домовите, како и влијанието на емисиите од индустриските објекти, додека пак станицата поставена на самиот влез на градот, во дворот на Метеоролошката станица на УХМР го следи загадувањето од индустријата.

Станицата го следи загадувањето од индустриските објекти лоцирани на растојание од 600-700 метри. Се мерат загадувачките супстанции: O_3, NO_2, SO_2 и PM_{10}.

Според последниот извештај на МЖСПП за квалитет на воздух во месец ноември и граничната 24h вредност *на* сулфур двооксид (SO_2) за заштита на човековото здравје, која изнесува 125 μg/m^3, не е евиденирано надминување на оваа вредност.

Гранична 24h вредност за заштита на човековото здравје за суспендирани честички со големина до 10 микрометри (PM10), изнесува 50 μg/m^3, која во текот на месец ноември била надмината дури 25 денови, или 111 денови во текот на 2015 година.

За граничната 8h вредност *на јаглерод моноксид* (CO) за заштита на човековото здравје, која изнесува 10 μg/m^3, не е евиденирано надминување на оваа вредност.

Во извештајот за квалитет на воздух е даден табеларен и графички приказ на максимални дневни осумчасовни средни вредности на концентрацијата на озон (O_3), каде наведената целната вредност за заштита на човековото здравје која изнесува 120 μg/m^3 која што во текот на 2015 година, била надмината 74 пати.

Граничната 1h вредност за заштита на човековото здравје за азот двооксид (NO_2) изнесува 200 μg/m^3, која нити во тековниот месец нити во текот на 2015 година не била надмината воопшто.

9.2.2. Хидрографија на Општина Новаци

Според Просторниот план на Р. Македонија, територијата на РМ е поделена на 4 речни слива и 15 водостопански подрачја (ВП) по сливовите на реките Вардар, Струмица и Црн Дрим: ВП "Полог", "Скопје", "Треска", "Пчиња", "Среден Вардар", "Горна Брегалница", "Средна и Долна Брегалница", "Пелагонија", "Средна и Долна Црна", "Долен Вардар", "Дојран", "Струмичко - Радовишко", "Преспа", "Охридско - Струшко" и "Дебар". Сливот на Црна Река е поделен на две водостопански подрачја „Пелагонија“, „Средна и Долна Црна“.

Ловниот дом, КО Будимирци, општина Новаци, припаѓа на водостопанското подрачје ВП „Средна и Долна Црна“ кое го опфаќа сливот на Црна Река од водомерниот профил Скочивир до вливот во реката Вардар. Ловниот дом е на крајбрежјето на Мала Река (слив на река Белица).

Хидрографска мрежа е доста развиена, па подрачјето на Планот е испресечено со бројни речни токови. Главен воден тек на територијата на Општина Новаци е реката Црна, најголема десна притока на р. Вардар. Хидролошката состојба на река Црна се следи на водомерниот профил Новаци од страна на Управата за хидрометеоролошки работи на РМ. Други позначајни реки од аспект на воден потенцијал се: Градешка, Бела Река, Коњарка и Елешка.

На територијата на општина Новаци квалитетот на површинските води се следи на две мерни места на р. Црна: мерно место Скочивир (Управа за хидрометеоролошки работи) и мерно место Новаци (Завод за здравствена заштита Битола) и според достапните податоци, квалитетот на водата на река Црна во одредени месеци од годината одговара на III и IV класа според Уредбата за класификација на водите (Сл. весник на РМ бр. 18/1999). Квалитет на повеќето водотоци во планинскиот дел на Општината е I класа, а во рамничарскиот дел во II класа.

Од хидрогеолошки аспект, присутните подземни води во иригационото подрачје можат да се класифицираат во две групи: подземни води под слободно водно ниво на длабочина од 1,5 - 2 m и подземни води под притисок (артерски и субартерски води), кои се на длабочина под 50 m и со дебит од 0,5 l/s до 9 l/s.

Подземните води се слабо истражувани. Општина Новаци не располага со официјални податоци за квалитетот на подземните води. Загаденоста на подземните води не се следи организирано и континуирано, и генерално постои закана од нарушување на ефлуенти од

домаќинствата, индустријата, земјоделието (неадекватна примена на агрохемиски средства) и дивите депонии.

9.2.3. Педолошки карактеристики и квалитет на почва

Основен тип на генетско земјиште во Пелагонискиот регион се смолниците. Смолниците се хидрогени и настанале на езерската тиња по истекувањето на некогашното Пелагониско Езеро. Количеството на хумусот се движи од 2 до 4,5%. Овие почви се искористуваат за житни, индустриски и градинарски култури.

Во однос на почвите, преовладуваат алувијални, ливадски, алувијално-делувијални и блатни. Бонитетната вредност на почвата во рамничарскиот дел е со висока бонитетна вредност (I, II и III класа).

Препораките на Просторниот план се во правец на водење сметка за бонитетот на земјиштето при планирање на просторот и преферирање на класи на земјиште со понизок бонитет (над IV категорија), во случаи кога се прават урбанистички планови, односно планира пренамена на земјиштето од земјоделско во градежно. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште и ограничување на трансформација на земјиштето од I-IV класа во неземјоделско земјиште.

9.2.4. Биодиверзитет

Општина Новаци е позната по атрактивни низински и шумски предели богати со разновидна фауна и флора. Во овој регион регистрирани се 129 вида птици и 22 вида цицачи. Котлинскиот-Пелагониски дел во кој е сместена и општина Новаци е најбогат по бројот на регистрирани видови птици и по густина на нивната популација. Дабовиот простор е најбогат со цицачи, а најсиромашен е појасот на високопланинските пасишта.

Вкупната површина под уредени шуми во општина Новаци изнесува над 18.090 ha. Од нив, на иглолисни шуми отпаѓаат 65% или 11.759 ha, а 35% или 6.332 ha се листопадни шуми. До овој монент во Општина Новаци според прегледот на подрачја и објекти по заштитни групи (Просторен план на РМ) во кои се подразбираат: национален парк, строг природен резерват, научно-истражувачки природен резерват, посебен природен резерват, предел со посебни природни карактеристики, карактеристичен пејзаж, одделни растителни и животински видови надвор од природните резервати и споменици на природата, **нема заштитени подрачја**.

Регионот „Ниџе“ се карактеризира со богата вегетација и животински свет. Вегетацијата во ловиштето овозможува добри услови за исхрана на дивечот како и природни засолништа преку присутноста на различни типови на шумски заедници како на пример: шумски заедници на даб благун и бел габер, даб горун, субалпската, горската и подгорската бука, борови и елови шуми и друго. Во највисоките делови од ловиштето, каде престанува шумската вегетација, се јавуваат разни алпски тревни заедници.

Пределот на кој се простира ловиштето ги задоволува вкусовите на ловните туристи и на сите вљубеници во природата. Езерото „Чебен“ ја дополнува природната убавина на регионот. Растението кајмакчалански каранфил (Dianthus kajmaktzaianicus) е јужнобалкански ендемитет, присутен на врвот Кајмакчалан на планината Ниџе на околу 2.500m надморска висина. Станува збор за многугодишно високопланинско растение, кое расте прилегнато кон почвата или малку исправено, така што образува многубројни гранчиња кои на врвот завршуваат со цветови.

Во ловиштето редовно или периодично се среќаваат: срна, дива свиња, зајак, еребица камењарка, разни видови на гулаби, шумска шљука и други видови на пердувест и влакнест дивеч. Од дивеч без заштита може да се сретнат: волк, лисица, ласица, куна белка, куна златка, твор, страчка, јастреб кокошкар и други.

Според законот за ловство под одреден вид на заштита е следниот дивеч: срна, зајак, верверица, видра, полска еребица, еребица камењарка, потполошка, лештарка, грлица, гулаб дупкар, гулаб гривар, див гулаб, шумска шљука, бекасин, пајки, гуски, птици грабливки (освен јастребите), буфови, додека срната и видрата заради нивната релативно ниска популација се под трајна заштита, а истото се однесува и на пернастите грабливци-орлите, мршојадците, буфовите и луњите.

Риболовот во општина Новаци е застапен како рекреативен риболов на реките Црна Река, Градешка и Бела Река, во кои се застапени следните видови риба: крап, црвеноперка, клен, скобуст, сом, костреж и др.



Слика 9.2.4-1. Реонизација и категоризација на просторот за заштита

9.2.5. Културно историски споменици

Досегашните истражувања покажуваат дека на територијата на Општината се наоѓаат споменици на културата, како и артефакти на историски сведоштва. Присутни се интересни градби со елементи на традиционалната архитектура (стари куќи, меани и конаци, воглавно од 19 век), неколку цркви од 19 и 20 век. Културните добра на подрачјето на плансиот опфат според видот можат да се класифицираат во следните групи:

- археолошки наоѓалишта,
- сакрални архитектонски споменици,
- споменици на народно градителство.

Врвот Кајмакчалан има свое високо историско значење за европските народи. Токму на ова ловиште во 1916 година, се одвивла познатата битка за Кајмакчалан за време на првата светска војна. Како историска атракција, денес, може да се посетат големиот број на споменици, бункери и гробови, кои се цврст доказ за тоа време.

Во рамките на планскиот опфат според Министерство за култура на РМ не се евидентирани постојни споменични целини.

Во Археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човечката егзистенција од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје, КО Будимирци нема евидентирани археолошки локалитети.

Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од чл. 65 од Законот за заштита на културното

наследство, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

9.2.6. Управување со отпад

Со процесот на индустријализацијата, урбанизацијата и зголемување на стандардот на живеење, овие количини покажуваат тренд на пораст. Комуналниот и технолошкиот-неопасен отпад е во корелација со развојот на Општината. Поголем дел од комуналниот отпад се создава од човекот и терцијарните дејности (трговија, угостителство и туризам), а технолошкиот-неопасен отпад се продуцира од производните дејности.

Управувањето со комуналниот отпад во општина Новаци е одговорност на локалното јавно комунално претпријатие ЈП „Комунална хигиена“ - Новаци. Основните операции при постапувањето со отпадот се собирањето, транспортот и депонирањето.

Локацијата на општинската депонија се наоѓа на одалеченост околу 500 м јужно од Новаци, во месноста викана „Мавровo”. До депонијата води пристапен тампониран пат, поврзан со регионалниот пат Битола - Новаци - Маково. Локацијата на депонијата е уредена и оградена, но постапувањето со отпадот не ги задоволува барањата на санитарна депонија, поради што таа создава проблеми од аспект на загадување на животната средина, главно како резултат на создавањето на исцедок, кој ги загадува подземните води и околното земјиште.

Согласно Националниот план за управување со отпад, општина Новаци спаѓа во југо-западниот регион и планирано е комуналниот отпад да се депонира на регионална санитарна депонија, во близина на Прилеп. За изградба на регионалната депонија, постои изготвена физибилити студија.

Комуналниот отпад од општина Новаци се депонира на депонијата Мегленци. Оваа депонија се наоѓа на територија на општина Новаци, на околу 5 км североисточно од општинскиот центар, во атарот на селото Мегленци. Микролокацијата на депонијата е веднаш над површинскиот коп на рудникот „Суводол". Депонијата е вградена во насип од земја ископана при отварање на површинскиот коп „Суводол". Поделена е на два дела (две нивоа) со висинска разлика меѓу нив од 10 м. Вкупната површина на депонијата е 6 ha. Депонијата не е санитарна, на дното на депонијата нема поставено непропустлива подлога и со тоа се загрозени подземните води. Со депонијата не се управува согласно пропишаните стандарди (набивање на отпад, редовно препокривање и сл.) и често депонираниот отпад се самозапалува и предизвикува емисија на штетни материи во воздухот.

Создавањето на диви депонии во општина Новаци, главно, се должи на непостоење на организирано собирање на комуналниот отпад во поголем дел од населените места во општината. Според направената анализа, дополнителни причини за појавување на диви депонии се постоење на голем број на неискористени површини, неефикасно спроведување на законската регулатива за изрекување на казни од страна на соодветните органи и ниска свест на населението за заштита на животната средина.

Во општината Новаци, регистрирани се 7 диви депонии со по 5 до 15 $м^3$ од кои по потреба се транспортира отпадот до депонијата Мегленци од страна на јавното претпријатие. Најчести локации на кои се создаваат диви депонии во општината се покрај локалните патишта, канали и реки. Постоечките диви депонии сериозно го деградираат квалитетот на животната средина и го згрозуваат здравјето на луѓето кои живеат во блиските населби или гравитираат во близина на депониите.

9.2.7. Бучава

Нивото на бучава на предметното подрачје и воопшто во општина Новаци, досега не е анализиран и истражуван. Може да се каже дека изворите на создавање на бучава не се од таков вид да овој проблем во животната средина претставува значителна закана за здравјето на луѓето. Бучавата произлегува од индустриските капацитети и урбаните активности, како што се:

- РЕК Битола и други индустриски капацитети;
- Сообраќај;
- Производни и деловни процеси;
- Бучава од ентериерно потекло (стамбени згради, трговско деловни центри и сл).

9.3. ОПИС НА СЕГАШНАТА СОСТОЈБА СО ЛОКАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

8.3.1. Сообраќајна инфраструктура

Подрачјето на Планот е релативно добро сообраќајно поврзано во населените места во низинскиот дел од општината, додека до дел од оддалечените села во планинскиот дел нема асфалтирани патишта.

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- Е-65 - што се поклопува со делови од магистралните патишта М-3, М-4 и М-5 (Србија-Блаце-Скопје-Кичево-Требеништа-Охрид-Битола-Меџитлија-Грција) - коридор со патен сообраќај во насока север-југ;
- А32 - (Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево- граница со Бугарија –граничен премин Рамна Нива), делница Битола - крстосница Кукуречани - граница со Грција - граничен

премин Меџитлија - делница Косел - врска со А-3-Охрид -граница со Албанија - граничен премин Ново Село.

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат регионални патишта, што заедно со локалните категоризирани патишта ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија. Релевантни регионални правци за предметната локација се:

- Р11013 (Р-106) - (Прилеп-врска со А3-Битола-Макази-Царев Двор - врска со Р-1307)
- Р13054 (Р-416) - (Кукуречани - врска со А3- Демир Хисар - Другово - врска со А2)

Регионални патни правци во општината се:

- Р-509 - Битола-Новаци-Маково-Старавина во вкупна должина од 53 km (40 се асфалтирани, од Рапеш до Старавина во должина од 13 km се само тампонирани)
- Р-510 - врска М-5-Кременица-Бач-Скочивир-Старавина во вкупна должина од 55 km (30 km е асфалтиран, 25 km е макадам).
- Р-120 -Тополчани-Добрушево-Новаци-Брод во вкупна должина од 40 km (22 се асфалтирани, 18 km на потегот до Новаци е макадам).
- Р-531 - Брод-Гнеотино во должина од 11 km е земјен пат

Локална патна мрежа:

- 20,5 km асфалтирани патишта
- 25 km тампонирани
- 91 km земјен пат

Локални улици:

- 13 km асфалт
- 6 km тампонирани
- 58 km земјен пат.

Општина Новаци, како соседна општина на Битола, има добри сообраќајни врски со соседните и подалечните градови од земјата и надвор од неа, речиси во сите правци.

Слика 9.3.1-1. Просторно функционална организација – Систем на населби и сообраќајна мрежа

9.3.2. Комунална инфраструктура

Водоснабдување

Водоснабдувањето на објекти во рамките на градежната парцела се предвидува со сопствен ситем на обезбедување на техничка и вода за пиење. Истата ќе се обезбеди од Бунар или друго соодветно техничко решение.

Ловниот дом, КО Будимирци, општина Новаци, припаѓа на водостопанското подрачје ВП „Средна и Долна Црна“ кое го опфаќа сливот на Црна Река од водомерниот профил

Скочивир до вливот во реката Вардар. Ловниот дом е на крајбрежјето на Мала Река (слив на река Белица).

При обезбедување на потребните количини на вода за ловниот дом, треба да се применат мерки кои ќе овозможат економично и квалитетно водоснабдување, но и истовремени заштита на водите преку: дефинирање на заштитни зони на изворникот за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во зоните, но и рационално користење и модернизација на системот за водоснабдување.

Фекална канализација

Фекалната канализација ќе се решава преку изработката на основните проекти за објектите во парцелата. Истата ќе биде решена со изградба на сепараciски канализационен систем за ловниот дом и пропратните објекти (септички јами) и сопствена пречистителна станица.

9.3.3. Електроенергетска мрежа

Планскиот опфат е новопланиран, односно досега не бил третиран со урбанистичка планска документација. Според податоците од страна на ЕВН Македонија, подружница КЕЦ Битола и увидот на лице место, во планскиот опфат не постојат електрични инсталации. Према увидот на лице место и добиените податоци во наведениот опфат нема постојна тк. инфраструктура.

Северно од локацијата поминува трасата на планираниот 400 kV вод од Битола2-Дуброво.



Слика 9.3.3-1. Техничка инфраструктура (водостопанска и енергетска)

10. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Подготовката на Извештајот за стратегиска оцена на влијанијата врз животната средина ги зема во предвид влијанијата врз специфичните медиуми од животната средина од имплементација на локалната урбанистичка планска документација, во поширок обем, глобално и кумулативно; пред изградба на ловен дом со пропратни содржини/објекти, кои влегуваат во состав на планскиот опфат (билошката разновидност, природата, пределот, културното наследство, луѓето, како и влијанијата врз социо-економските параметри во Општина Новаци).

За поединечните проекти, во подоцнежната фаза на имплементација на ЛУПД ќе се пристапи кон подетална анализа на можните влијанија врз животната средина во конструктивна, оперативна и постоперативна фаза, согласно глава XI - Барања за изработка на оцена на влијанието врз животната средина на одредени проекти, член 24 од Законот за животна средина.

Врз основа на извршените анализи на веројатните влијанија при имплементација на планскиот документ утврдени се влијанијата кои позитивно се рефлектираат врз социо-економската состојба на населението, како и оние кои предизвикуваат негативни ефекти врз медиумите и областите на животната средина. Анализата подразбира разгледување на влијанијата на планскиот документ како целина и во поширок обем, од глобален, стратегиски аспект, без при тоа, да се разгледуваат поединечните проектни содржини опфатени со планскиот документ. Со имплементацијата на ЛУПД за изградба на ловен дом со пропратни содржини, КО Будимирци, општина Новаци, се очекуваат позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нови инвестициони вложувања.

Можни закани по животната средина од предвидениот за изградба ловен дом со пратечки содржини се: нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпадот.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката но и реализацијата на ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, на дел од КП 1732, 1750 и 2109 во КО Будимирци, општина Новаци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

10.1. Влијание врз населението и социо-економските услови

Со имплементацијата на ЛУПД за ловен дом со пратечки содржини се очекува позитивно влијание врз социо-економската состојба на населението. Тие влијанија би биле долгорочни и опфаќаат:

- привлекување на нови инвестиции од страна на бизнис секторот (локални и странски инвестиции), кои ќе придонесат за унапредување, како на економијата на локално ниво, така и на национално ниво.
- можности за нови работни места во текот на конструктивната и оперативната фаза, општо подобрување на социо-економските услови.

10.2. Влијание врз човековото здравје

Со имплементација на планската документација, може да се предизвикаат евентуално одредени влијанија врз здравјето на луѓето од аспект на неправилно управување со животната средина (не имплементирање на мерките за заштита на животната средина) и неправилно постапување со отпадот од расчистувањето на теренот. Можни се влијанија врз здравјето на луѓето, се во фазата на градежните работи, односно градење на објектот

и комплетирање на постоечките инфраструктурни мрежи. Влијанијата би се однесувале на влијание од зголемена бучава, издувни гасови од возилата, прашина, вибрации, отпад и др. Овие влијанија се оценуваат како незначителни негативни влијанија со ограничен интензитет и времетраење.

Во оперативната фаза влијанијата врз животната средина од реализацијата на ЛУПД се оценети како незначителни, имајќи ја во предвид класата на намена, предвидени како објекти за времено сместување, кои не спаѓаат во групата на значајни загадувачи на животната средина. Позитивно влијание врз населението и човековото здравје ќе има класата на намена – спорт и рекреација.

По реализацијата на планската документација и ставање на објектите во функција не се очекува негативно влијание врз човековото здравје. Интензитетот и обемот на влијанијата детално ќе бидат анализирани со изработка на соодветните студии за оцена на влијнието на проектите врз животната средина и елаборатите за заштита на животната средина.

10.3. Влијание врз квалитетот на воздухот

При имплементацијата на ЛУПД за ловен дом со пратечки објекти, не се очекуваат значителни нарушувања на квалитетот на воздухот заради видот, природата и компатибилноста на планираните дејности. Тие не спаѓаат во групата на директни и големи загадувачи на животната средина и човековото здравје. Одредени краткорочни влијанија врз животната средина се можни при што се очекува појава на прашина, како фугитивна емисија на најситни честитки и песок.

Поголеми и позначителни влијанија се очекуваат при изведбата на планираните содржини предвидени во планскиот опфат, кои пак подетално ќе бидат разработени во архитектонско-урбанистичкиот проект за извдеба на инфраструктурната мрежа а во функција на потребите на планираните градби.

Мора да се нагласи дека во оваа фаза не можат да се утврдат детално влијанијата врз животната средина, туку тоа ќе се изврши со помош на студиите/елаборатите за влијанијата врз животната средина за секој објект поединечно.

10.4. Влијание на бучавата

Интензитетот на бучавата ќе биде зголемен во фазата на имлементација на планираните активности за инфраструктурно опремување на планскиот опфат и реализацијата на секој поединечен објект (изградa на ловен дом и пропратни содржини).

Во оперативната фаза на реализација на ЛУПД за ловен дом се очекува значително ниво на бучава, тоа може да биде предизвикано од зголемена фрекфенција на патнички возила за превоз на работниците и дистрибуција на стоките. Од работењето на поединечните објекти не се очекува некое поголемо ниво на бучава, но сепак нивото на бучава ќе се одреди при реализирање на секој објект поединечно и ќе се презентира во студиите/елаборатите за оценка на влијанијата врз животната средина.

Со оглед на поставеноста на комплексот и оддалеченоста на истиот од најблиските населени места, не се очекува дека бучавата ќе биде значаен фактор во нарушувањето на квалитетот на животната средина на глобално ниво.

10.5. Влијанија врз квалитетот на водите

Со имплементацијата на ЛУПД за изградба на ловен дом, општина Новаци се предвидува намалување на загадувањето на водите, со предвидените активности за изградба на сопствен ситем на обезбедување на техничка и вода за пиење. Овој зафат ќе биде предмет на проектната документација на основниот проект за објектите во градежната парцела. Влијанијата врз животната средина и здравјето на луѓето (позитивни или негативни), ќе бидат дефинирани во елаборат или студија.

Квалитетот на подземните води ќе се овозможи преку изградба на фекална канализација која ќе се решаваа преку изработката на основните проекти за објектите во парцелата, односно со обезбедување на соодветна пречистителна станица и септичка јама.

Бидејќи објектот се наоѓа на крајбрежието на Мала Река во фаза на градба се можни влијанија врз површинските и поземните води. Влијанија се можни доколку се врши неправилно управување со цврст отпад и негово одлагање во близина на водените тела. При довршување на постоечката инфраструктура можни се емисии на прашина и создавање на градежен шут кои би можеле да имаат влијание врз површинските води, доколу работите се изведуваат неконтролирано и без надзор.

Во оперативната фаза, како отпадни води, кои се појавуваат, се сметаат: водите од атмосферските врнежи, водите од одржување на хигиената на локациите и санитарната отпадна вода.

Атмосферските отпадни води, водите од кровните површини и од останатите површини од комплексот во фазата на работа на објектот, можат да истекуваат преку отворени канали и канализациони цевки, или да бидат приклучени на планираната градска мрежа за одведување на атмосферски отпадни води. Доколку атмосферските отпадни води не бидат приклучени на мрежата, потенцијално ќе се изврши загадување на површинските, а особено на подземните води. Во случај атмосферските отпадни води да бидат приклучени на градската мрежа, тогаш влијанијата би биле значително помали, односно занемарливи. Доколку не се постапува со отпадните води на содветен начин влијанијата би биле умерени и перманентни.

Подеталните негативни влијанија ќе бидат предвидени при спроведувањето на постапката за процена на влијанијата на проектот врз животната средина и изготвување на студија или елаборат за секој објект поединечно.

10.6. Влијанија врз почвата

Имплементацијата на ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини може да предизвика негативни влијанија врз почвата во случај на несоодветно управување со отпадните води и генерираниот отпад.

Активностите за изградба на објектите, кои се предвидени со оваа ЛУПД во конструктивната фаза, може да ги нарушат геолошките карактеристики на почвата, како резултат на користење на тешка механизација и возила, транспортот и одлагање вишок на ископан материјал, одложување на градежниот отпад (шут) и др. При движење на возилата и тешката механизација може да дојде до збивање на почвата при што може да дојде до нарушување на природниот квалитет и намалување на плодноста на истата. Во фазата на експлоатација не се очекуваат значителни негативни влијанија врз квалитетот на почвата, освен можеби неправилното управување и одлагање на отпадот.

Очекувани влијанија врз почвата, може да претставуваат неправилното третирање на отпадните санитарни води, како и отпадните атмосферски води, како и од неадекватното привремено одлагање на отпадот.

Како отпад кој што ќе се создава при постапката во процесите на работа на планираните објекти е комунален и комерцијален отпад што го создаваат вработените, како и течен отпад во вид на отпадни води.

10.7. Влијанија врз пределот

Планскиот опфат е во рамки на планината Ниџе е значајна по богатството со шума, планински пасишта, разновидна фауна, и поширокото подрачје на опфатот се карактеризира со посебни природни карактеритики и впечатливи пејзажи.

Од имплементацијата на ЛУПД за ловен дом со пропратни содржини, не се очекуваат негативни влијанија врз пределот. При изградба на објектите и нивната инфраструктура може да предизвикаат негативни влијанија врз пределот како резултат на ископувањето на земјиштето и депонирањето на вишокот земја на несоодветни локации. Ваквите влијанија се очекува да се третираат како негативни влијанија со ограничен интензитет и времетраење.

10.8. Влијанија врз културно-историско наследство

Во поширокото опкружување не се застапени објекти и споменички целини односно не постои конфликт од изградбата на планираните објекти. Доколку при изведбата се откријат артефакти кои можат да укажат на постоење на археолошко наследство, ќе се применуваат мерки согласно закон, кои се опишани во поглавјето што ги третира мерките за заштита.

10.9. Влијанија врз биодиверзитетот и природното наследство

Во зоните во кои се планира реализација на објектите, не се идентификувани ендемични, загрозени или реликтни видови од флората и фауната, како и карактеристични природни живеалишта. Влијанијата врз флората и фауната ќе бидат негативни, но незначителни, а во зависност од обемот и времетраењето локални и долгорочни. Можни се мерки за компензација со кои ќе се влијае на намалување на овие влијанија во оперативната фаза на објектите.

Мерките за компензација на загубата на живеалиштата и боидиверзитетот ќе произлезат од Елаборатите за заштита на животната средина што ќе се изработуваат во натамошната фаза на планирање / проектирање.

10.10. Влијанија од управување со отпадот

Се очекува градежните работи при изведувањето на објектите и инфраструктурата да произведат извесна количина на шут и друг градежен отпад кој ќе се транспортира и депонира на локација за интертен отпад што ќе биде посочена од страна на општинските служби.

Комуналниот и комерцијалниот отпад што ќе го создаваат вработените ќе има карактер на неопасен отпад. Овај отпад е во вид на; отпадоци од храна, хартија и амбалажа, метал, стакло, пластика, гума, и друг мешан неопаен отпад.

10.11. Влијанија од несреќи и хаварии

Имплементацијата на планскиот документ може да има влијание од несреќи и хаварии кои може да бидат изразени преку:

- Ризик од електрична опасност
- Ризик од експлозија
- Ризик од пожар
- Ризик од земјотрес
- Метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди, поплави,
- Инциденти и хаварии предизвикани од најразлични дефекти и технолошки непогоди

Опасностите при користење на електрична енергија се познати, па поради тоа ова прашање треба да биде еден од аспектите при проектирање и изведба на објектите во состав на урбаните опфати.

Ризикот од експлозија и пожар е присутен како во фазата на изградба а особено во оперативната фаза на планираната активност.

Обемот и интензитетот на влијанијата од несреќи и хаварии, како во фазата на изградба така и во оперативната фаза детално ќе бидат прикажани во соодветната документација за оцена на влијанието од активноста што ќе се изведува во рамките на планскиот опфат.

Природни катастрофи можат да бидат земјотресите, кои може да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Просторот каде е планирана изградба на стопанскиот комплекс се наоѓа во зона на очекувани земјотреси со интензитет од 9 степени според Меркалиевата скала. Како природна непогода или катастрофа претставуваат и поплавите и надоаѓањето на големи води, а од останатите метеоролошки појави кои може да имаат карактер на природни непогоди и катастрофи се: појава на град, луњени ветрови и магли.

Техничко-технолошки катастрофи, односно хаварии и несереќи може да се јават за време на работата на комерцијалните објекти. Поради тоа е потребно да биде изготвен план за управување со хаварии и несреќи кој ќе биде составнен дел во елаборатот, односно студијата за влијание на проектот врз животната средина и здравјето на човекот.

Исто така несреќи и хаварии може да бидат предизвикани од воени разурнувања и природни катастрофи. Меѓутоа, доколку во фазата на изградба на објектите се применат мерките, дефинирани во нормативно-правната регулатива за заштита од земјотреси, поплави, воени разурнувања, заштита од пожар и др. овие влијанија значително би се намалиле. Влијанијата кои потекнуваат од несреќи и хаварии се оценуваат како неодредени и непредвидливи влијанија, со неодреден интензитет и времетраење.

10.12. Прекугранични влијанија

Со имплементација на ЛУПД за изградба на ловен дом не постои опасност од појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на изградба, ниту во оперативната фаза, заради доволната одделеченоста на опфатот од границата и заради релативно малиот обем на работи поврзани со реализацијата на објектите и инфраструктурата на локацијата.

11. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И УБЛАЖУВАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Од областа на заштитата на животната средина, урбанистичките планови треба да се усогласат со Просторниот план на Р. Македонија на тој начин што врз основа на режимот за заштита предвиден со ПП, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти за да се усогласат барањата кои ги поставува одржливиот стопански развој и современиот третман на заштитата.

Во условите за планирање на просторот за ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, како и во планската документација се предложени мерки за заштита на животната средина, кои треба да се почитуваат и применат без исклучок од страна инвеститорот при реализација на ЛУПД.

Од страна на експертскиот тим кој го изготвуваше овој извештај, исто така се предложени генерални мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија од реализацијата на гореспоменатиот плански документ.

Генерални мерки предвидени во планската документација и условите за планирање на просторот се:

- Да се обезбеди заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура;
- Изградбата на системот за водоснабдување да се прави во согласност важечките прописи и стандарди за ваков тип на објекти
- Проектирањето и изведувањето на канализационата мрежа се препорачува да се врши според важечките прописи и стандарди за ваков тип на објекти.

- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води, (механичко, хемиско, билошко) со строго контролиран кавлитет и нивно доведување до ниво соодветно на квалитетот на водата во реципиентот. Водата што се испушта треба да биде со квалитет согласно Уредбата за класификација на водите.
- При проектирање и реализација на објектите потребно е да се применат современи технологии кои го заштитуваат воздухот од загадување.
- Организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем во најблиската депонија, се до реализирање на регионалната депонија планирана со Националниот план за управување со цврст отпад;
- Со цел зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот, акцент треба да се стави на заштитата, амбиентите и пејзажите во просторот;
- Да се обезбеди заштитен појас со високо зеленило во поглед на комплексната заштита на просторот, посебно покрај патот, заради зачувување на здравата животна средина која е од витален интерес за корисниците на ваков вид објекти;
- Богато хортикулутрно уредување на стопанските комплекси со заштитно и украсно зеленило со минимални неопходни интервенции во постојниот растителен фонд;
- Во системот на финансирање да се применува принципот загадувачот и потрошувачот плаќа;

Генерално, со добра проектирање и организирање на градилиштето може да се минимизираат голем дел од влијанијата што се идентификувани за фазата на изградбата.

Мерките препорачани со овој Извештај што се однесуваат на фазите на изградбата и експлоатацијата на планираните содржини и објекти треба да се разгледаат во наредните фази на планирањето / проектирањето. Конечните мерки, утврдени со точна локација, вид и обем на активности, ќе бидат дефинирани во елаборатите за заштита на животната средина и разработени со изведбената проектна документација за објектите во планскиот опфат. На тој начин мерките за заштита на животната средина ќе се вградат во проектот и ќе бидат земени предвид при изведбата.

11.1. Мерки за ублажување на негативните влијанија врз населението и човековото здравје

За време на изведувањето на градежните активности, се препорачува да се направи план на отпочнување и завршување на работите, да се внимава на работните дневни часови поради можноста за вознемиреност од бучава, да се користат нови машини технички исправни и небучни. Потребно е земјените работи да се изведуваат во несушни периоди или при тоа да се попрскува земјиштето/градилиштето со вода, за да не дојде до загадување на воздухот со прашина и цврсти честички.

По реализацијата на ЛУПД и ставање на објектите во функција не се очекува негативно влијание врз човековото здравје. Конкретните мерки за намалување и ублажување на негативните влијанија ќе бидат презентирани при изработка на соодветните студии / елаборати за оцена на влијнието на проектите врз животната средина и елаборатите за заштита на животната средина.

Обезбедувањето на заштитно зеленило и хортиклултурно уредување на просторот ќе биде во насока на подобрување на здравјето на луѓето, што е опфатено и со планската содржина, при што треба да се почитуваат законски пропишаните стандарди.

11.2. Мерки за ублажување на негативните влијанија врз социо-економската состојба

Имплементацијата на ЛУПД за ловен дом, општина Новаци ќе има и позитивни влијанија кои ќе се манифестираат преку отварање на нови работни места за локалното население, подобрување на социо-економската положба, подобрување на животниот стандард и намалување на миграцијата на населението.

Реализацијата на ЛУПД ќе овозможи и привлекување на нови инвестиции (локални и странски инвестиции), кои ќе придонесат за унапредување, како на економијата на

локално ниво, така и на национално ниво. Имплементацијата на планот позитивно ќе влијае на социо-економскиот развој и затоа не се препорачуваат мерки за заштита.

11.3. Мерки за ублажување на негативните влијанија врз квалитетот на воздухот

При имплементацијата на ЛУПД за ловен дом, не се очекуваат значителни нарушувања на квалитетот на воздухот заради видот, природата и компатибилноста на планираните дејности, кои не спаѓаат во групата на директни и големи загадувачи на животната средина и човековото здравје.

Во текот на изградбата на поединечните деловни и инфраструктурни објекти, потребно е земјените работи да се изведуваат во несушни периоди или при тоа да се попрскува земјиштето/градилиштето со вода, да не би дошло до намалување на квалитетот на воздухот со прашина и цврсти честички.

Основна цел во секторот на управување со квалитет на воздух е подобрување преку намалување на емисиите на основните загадувачки супстанции од релевантните сектори. За да се следи успешноста во постигнувањето на оваа цел локалните власти треба да усвојат индикатори кои ќе бидат предмет на постојан мониторинг.

За намалување на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух од имплементацијата на планскиот документ, се предлагаат следните мерки:

- Користење на обновливи извори на енергија, како енергетски ресурси кои што се во директна насока на подбобрување на квалитетот на амбиентниот воздух;
- Водење сметка за заштитата и обновувањето на постоечкото зеленило во изобилство, негово замена со ново на местата каде има потреба од тоа и засадување на нови зелени површини;

Мерки кои ќе придонесат за намалување на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух како резултат на емисијата на издувни гасови од зголемената фреквенција на возилата, генерално се однесуваат на употребата на еколошки горива.

Во оперативната фаза на комплексот, во однос на емисијата на загадувачки супстанции во воздухот од стационарните извори со согорувачки процеси (котли наменети за греење) како превентивана мерка претставува употреба на најсовремени енергенси (со низок NOx) и употреба на гориво со мала содржина на сулфур (екстра лесно масло). Исто така, генерално се препорачува користење на алтернативни извори на енергија (пример: сончеви колектори кои би биле ефикасни).

Треба да се нагласи дека конкретните мерки за ублажување на влијанијата врз животната средина, ќе се дефинираат во студиите/елаборатите за влијанијата врз животната средина за секој објект поединечно.

11.4. Мерки за ублажување на негативните влијанија од бучавата

Содржините кои се предвидени со планската документација потребно е да се усогласени со Одлуката за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните, од бучава. Според Правилникот за гранични вредности на бучава во одделни региони, треба да се почитува утврдената вредност за просторни единици, тивки реони надвор од агломерациите, која треба да изнесува до 40 dBA, преку ден.

Мерки кои се предвидуваат за спречување и намалување на бучавата се:

- Подготовка и објавување на план на отпочнување и завршување на работите, во најголем дел градежните активности да бидат вон сезона;
- Да се внимава на работните дневни часови поради можноста за вознемиреност од бучава (од 07.00-17.00);
- Да се користат нови машини технички исправни и помалку бучни;
- Постоечката и предвидената површина со заштитно зеленило во значителна мера може да придонесе за заштита и намалување на влијанијата од бучавата;

- Обезбедување на заштитни зелени појаси и формирање на хортиклултурни насади во локалитетот.

Конкретните мерки за ублажување на влијанијата врз животната средина, ќе се дефинираат во студиите/елаборатите за влијанијата врз животната средина за секој објект поединечно.

11.5. Мерки за ублажување на негативните влијанија врз квалитетот на водите

Во текот на изградбата може да биде загрозен квалитетот на подземните води, заради манипулацијата со градежните машини и другите градежни активности (земјени работи и слично). Подземните води може да бидат загрозени од евентуално испуштање на масти и масла од градежните машини во текот на изградбата. Заради фактот што овие влијанија беа карактеризирани како краткотрајни, но сепак организацијата на градилиштетот треба да обезбеди дека овие потенцијални влијанија ќе бидат сведени на минимум.

Како што беше напоменато во претходното поглавје, во експлоатациони услови водите можат да бидат загрозени од несоодветно испуштање на отпадни води, од несоодветно постапување со отпадот и потенцијално зголемени количества на отпад. Особено е важно да се спречи отпадните води што ќе се зафаќаат од манипулативните површини (коловозот, паркинзите, одморишната итн.) да бидат испуштени директно во реципиент.
За одведување на санитарните отпадни води од објектите е предвидено да се изврши поставување на сепратен фекален колектор што завршува со септичка јама.

Со натамошните фази на планирање / проектирање, ќе бидат утврдени детални мерки за заштита на водите од изградбата и функционирањето на комплексот.

11.6. Мерки за ублажување на негативните влијанија врз почвата

Квалитетот на почвата индиректно влијае на квалитетот на почвата и подземните води, затоа е потребно да се предвидат соодветни мерки за спречување и намалување на влијанијата врз почвата.

Во време на градежните активности потребно е контролирано и внимателно отстранување на површинскиот слој од почвата, да не се вршат поголеми ископи од планираните, како и вишокот на земја да се искористи или да се врати и натапка. Градежниот шут треба да се одлага на привремени депонии предвидени за таа намена кои после треба да се дислоцираат.

Во оперативната фаза треба да се забрани фрлање и неконтролирано одлагање на отпад. Поединечните конкретни мерки за спречување и намалување на влијанијата ќе бидат дефинирани во елаборатот/студијата за оценка на влијанието врз животната средина за секој објект поединечно.

11.7. Мерки за ублажување на негативните влијанија врз пределот

Потребно е зачувување на естетските и природните карактеристики на просторот со примена на организиран систем за управување со отпадот, како и поставување на зелени заштитни појаси и хортикултурно уредување на просторот во самите градежни парцели.

Градбите треба да се уклопуваат во амбиентот, односно не треба да бидат проектирани многу високи и габаритни.

11.8. Мерки за ублажување на негативните влијанија врз културно-историското наследство

Во рамките на потесното подрачје на локалитетот нема евиденција дека постојат остатоци од културно историско наследство (согласно податокот добиен од Управата за заштита на споменици на културата при Министерството за култура)

Доколку при изведувањето на земјените работи се наиде на траги од човечки активности од минатото, изведувачот и инвеститорот на објектите преку надзорниот орган се должни привремено да ги запрат градежните активности, да превземат мерки за откриените траги да не се оштетуваат и веднаш писмено да го известат Заводот за заштита на споменици на културата.

11.9. Мерки за ублажување на негативните влијанија врз биодиверзитетот и природното наследство

Бидејќи, како што беше спомнато во претходното поглавје не станува збор за подрачје кое изобилува со некои карактеристични и ендемични видови на флора и фауна, нити пак е евидентирано природн наследство, не е потребно предвидување на посебни мерки за заштита.

Генералните мерки кои можат да се предвидат со цел заштита на флората и фауната се:

- Формирање на заштитните зелени зони со висока и ниска вегетација и хортикултурно уредување на комплексот ќе има позитивно влијание врз флората на овој простор;
- Примената на предвидените мерки за правилно управување со просторот, отпадните води и отпадот, индиректно ќе се ублажат негативни влијанија врз флората и фауната;
- Избегнување на периодите на репродукција на различните видови при градежните активности;
- Примена на административни компензациони мерки, компензација на загубените хабитати и забрана за градење во репродуктивна зона;

Исто така, за намалување на влијанијата врз поедини видови од флората и фауната, се препорачува разгледување на мерки во постапката на оцена на влијанијата од секој поединечен проект, како и од секоја поединечна инфраструктурна активност, планирани во комплексот.

11.10. Мерки за ублажување на негативните влијанија од управувањето со отпад

Отпадот што ќе се генерира во текот на изградбата на планираните објекти ќе се депонира на локација за градежен шут што ќе биде посочена од страна на општинските служби.

За избегнување на влијанијата врз животната средина, предизвикани од несоодветното управување со отпадот во оперативната фаза, ќе се применува принципот на хиерархија на отпадот, односно превенцијата, повторното користење, рециклажата, преработката, третманот и депонирањето на преостанатите количества на отпад што не може да се реупотреби.

Количеството и видот на отпадот, којшто би се јавил од функционирањето на објектите на може да се дефинира и категоризира во оваа фаза. Постапувањето со опасниот отпад и со посебните видови на треба да се врши во согласност со закон.

Сите количества на опасен отпад ќе треба да бидат предадени на лиценциран субјект за транспорт на опасен отпад. Особено ќе биде важно со примена на современи методи да се намалат количествата на отпад што би се јавиле заради несоодветно постапување со отпадот од амбалажа.

Во елаборатот за заштита на животната средина, ќе бидат утврдени видовите и количествата на отпад што ќе се генерираат на локациите и можностите за негово намалување и рециклажа.

11.11. Мерки за ублажување на негативните влијанија од евентуални несреќи и хаварии

Согласно Законот за заштита и спасување се уредува заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, како и други несреќи во мир и во војна и од воени дејствија во Република Македонија.

Во однос на мерките за заштита од природни непогоди, објектите треба да се градат со современи технологии на градба, согласно важечките технички прописи. За спроведувањето на мерките за заштита и спасување, потребно е да се почитува постојната законска регулатива, односно Законот за заштита и спасување.

Од аспект на мерки за заштита од пожар може да се каже дека објектите што ќе се градат ќе бидат од цврста градба, со огнотпорни материјали, односно носивите делови - конструктивниот систем ќе бидат изведени од армиран бетон, со висок степен на отпорност. За соодветна заштита, согласно големината на објектите, може да се предвиди надворешна хидранска мрежа, со поставување на надземни пожарни хидранти, додека во рамките на објектите треба да се предвидат доволен број на внатрешни хидранти, како и доволен број на ПП апарати, поставени на увид, на 1,5м од подот, како и примена на сите неопходни мерки за заштита од пожари. Потребно е редовно да се врши преглед на исправноста на апаратите, сервисирање и полнење и контролно испитување на истите.

Утврдувањето на потребните мерки за заштита од пожар е во согласност со Законот за пожарникарство, согласно Правилникот за изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати, како и Правилникот за техничките нормативи за хидранска мрежа за гасење на пожари.

За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се предвидат и обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во центрите предвидени за таа намена.

Мерките за заштита на жителите и вработените ги опфаќаат сите облици на индивидуална заштита, урбанистичките мерки за заштита и намалување на степеност на повредливост на урбаната структура, планирањето на просторот за подобрување на условите за организирана заштита и спасување, како и расчистување на урнатините, заштита и евакуација на населението на помалку загрозено подрачје и др.

Од останатите метеоролошки појави можни се град, луњени ветрови и магли. Со цел за поефикасна заштита треба да се предвиди современа громобранска инсталација и нејзино континуирано одржување. Додека пак како мерка од заштита од силните ветрови, се препорачува правилен избор на вегетација, како на видовите така и на нивниот распоред во согласност со ружата на ветрови.

11.12. Мерки за ублажување на прекуграничните влијанија

Нема потреба од дефинирање на прекугранични мерки, поради тоа што станува збор за позитивни пркугранични влијанија од економски аспект.

12. АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ

Реализацијата на ЛУПД за ловен дом со пропратни содржини, КО Будимирци, општина Новаци е од особено значење за реализирање наменски содржини и функционална операционализација за развој на планскиот опфат и воопшто на општината.

Со изработката на овој ЛУПД просторот добива нова можност за урбанистичка разработка и реализација.

Од особено значење за изготвување на Стратегиската оцена, а воедно и стандардна постапка е да се анализира и варијантата (Bussines as usual scenario), односно опцијата од неспроведување на планското решение со што состојбата би останала во првобитната состојба. Во тој случај се очекува дека фактичката состојба на теренот воопшто нема да се промени во ниту еден аспект, односно состојбата со животната средина ќе остане непроменета, но и економската пасивност ќе продолжи.

Доколку не се имплементираат планските решенија на анализираното подрачје се очекува:

- Постојан, ист социјално-економски статус на населението во поширокото подрачје и понатаму да стагнира;
- Трендот на миграција на населението кон поразвиените урбани центри и понатаму да продолжи;
- Намалување на вредноста на земјиштето;
- Узурпација на просторот со дивоградби и други неплански и некомпатибилни содржини, а со тоа и деградација на пределската разновидност на подрачјето;
- Непланско и неорганизирано уредување на просторот што негативно ќе се одрази врз медиумите во животната средина.

Поволни можности и фактори кои укажуваат на оправдана реализација на ЛУДП за изградба на ловен дом со пропратни содржини се:

- Поволна географска положба;
- Добри микроклиматски услови;

- Развој на ловен туризам;
- Содржини за спорт и рекреација на населението;
- Отварање нови работни места;
- Изградбата на предвидената содржина ќе овозможи зголемен степен на урбанизација со максимално искористување на просторот, остварување на функции со директни или индиректни економски ефекти.

Реализирањето на планските решенија со избраната намена во просторот ќе овозможи искористување на поволната географска положба на локацијата, искористување на поволните микроклиматски услови и добрата поставеност во однос на сообраќајната поврзаност со околните населени места, зголемување на атрактивноста на просторот преку изградба на содржини кои се вклопуваат во пределот и подобрување квалитетот на живот на локалното население.

Со реализација на овој плански документ се овозможува локацијата да прерасне како единствена просторна и функционална целина која ќе даде голем допринос за развојот на локалната и национална економија, истовремено имајќи го за цел анимирањето на интересот на разни инвеститори за реализација на предложената програма за развој на стопанството како ориентација во актуелните економски тенденции на државата.

13. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ

Стратегиската оцена на животната средина вклучува мерки за мониторинг на сите значителни идентификувани позитивни и негативни ефекти, кои би настанале од реализацијата на ЛУПД за ловен дом, КО Будимирци, општина Новаци.

Планот за мониторинг на животната средина дава можност за системско набљудување, испитување и оценување на загадувањето и состојбата на медиумите и областите на животната средина во целина како и идентификација и регистрирање на изворите на загадување на одделните медиуми и областите на животната средина се:

- Да се обезбдат податоци за понатамошно следење на состојбите во животната средина;
- Да се има поголем увид во промените на животната средина на предметните локации;
- Да се потврди дека договорените услови при одобрување на планската документација се соодветно спроведени;
- Да се потврди дека влијанијата се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности;
- Следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија одимплементацијата на планската документација и управување со истите;
- Да се потврди дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;
- Утврдување кои активности треба да бидат превземени за редуцирање на влијанија врз животната средина

Со цел да се изврши мониторинг на ефикасноста на планскиот документ, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој со што ќе се потврдат целите на истиот. За следење на индикаторите потребно е да се земат во предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

Со следење на состојбата на животнта средина ќе се потврди оправданоста и примената на предложените мерки за ублажување и нивната функционалност, што се претставува голема придобивка во однос на заштитата на животната средина.

Следењето на состојбата на медиумите ќе се реализира со дефинирани параметри за следење на секој медиум и со дефинирана фрекфенција за секоја активност поединечно.

Видот и фрекфенцијата на мониторинг ќе бидат предложени во студиите / елаборатите за оцена на влијанијата врз животната средина од секој проект посебно. За мониторингот и мерките предложени за намалување на штетните влијанија врз животната средина ќе биде задолжена локалната самоуправа, односно локалните инспектори (санитарни, комунални, инспектори за животна средина и сл).

Мониторингот дава можност за испитување и анализирање на фазата на имплементација по завршување на фазата на планирање. Како средство за мерење на успехот, се отвора можност за справување со неизвесности, превземање корективни мерки како и поддршка за ажурирање и адаптација на планот. Ова, на пример, се однесува на контролирањето на предвидувањата подготвени во СОЖС како и за предвидувањата на ефектите врз животната средина. Мониторингот е исто така значајна алатка за спроведување на таквите мерки и оценување на нивната ефикасност, и на истиот треба да му се даде соодветен приорит.

Друг многу важен аспект на мониторингот е дека може да обезбеди основа за добивање информации, кои во иднина би се имплементирале во процесите на планирање.

Табела 13-1: План за мониторинг на спроведување на мерките

Тема за животната средина	**Цел / Индикатор**	**Мониторинг**	**Одговорност / Извор на податоци**

Економски развој	Број на нови вработувања	Годишен	Завод за Статистика / Општина
Почва / Земјиште	Намалени концентрации на тешки метали во почвата од земјоделството и индустријата	Годишен	Инспекторат / МЖСПП / Независна акредитирана лабораторија
	Ефикасно управување со разни видови на отпад.	Во согласност со планот за отпад	Оператори / ЈКП/ Инспекторат / МЖСПП
	Обем на прибран, третиран и отстранет отпад	Дневен	ЈКП / Општина
Квалитет на воздухот	Намалување на конзумацијата на фосилни горива.	Годишен/ Енергетски биланс	Министерство за економија / Општина / Завод за статистика
	Намалување на загадувачките емисии (NOx, SO2, CO2, VOC, PM10, PM2.5, NH3, etc.) од индустријата и останати претпријатија.	Месечен/ Годишен	МЖСПП / Инспекторат / Општина Независна акредитирана лабораторија ПИ на Институт за јавно здравје
	% на обновливи извори на енергија во целата потрошувачка на енергија.	Годишен/ Енергетски биланс	Министерство за економија/ МЖСПП/ Општина
Човечко здравје	Број на респираторни заболувања. Број на други болести од загадување или труење.	Годишен	Државен завод за здравство/ Министерство за здравство / Завод за статистика / Општина
Вода	Квалитетот на водата за пиење.	Во согласност со планот	Државен завод за здравство / Инспекторат / ЈКП
Биодиверзитет	Број на евидентирани природни живеалишта и нивната состојба	Месечен	МЖСПП/ Дирекција за заштита и спасување / Центар за управување со кризи

14. НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ

Со Законот за животна средина и релевантните подзаконски акти, дефинирана е постапката за Стратегиска оцена на животната средина. Со цел навремено да се согледаат можните негативни влијанија врз животната средина, социо-економскиот развој и здравјето на луѓето, како и да се превземат соодветни корективни мерки, согласно член 65, став 2 од законот за животна средина се налага потребата од спроведување на Стратегиска оцена на животната средина за реализација на ЛУПД за ловен дом со пратечки содржини, КО Будимирци, општина Новаци.

За да може Оцената на влијанијата врз животната средина од планови и програми содветно да се имплементира, потребна е меѓуресорска соработка. Во процесот треба да бидат вклучени засегнатите страни, вклучувајќи го Министерството за транспорт и врски, општина Новаци, другите надлежните министерства, невладиниот и приватниот сектор.

На барање на инвеститорот, а врз основа на Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за локална самоуправа, Советот на општина Новаци донесе **Одлука** за утврдување потреба од изработка на ЛУПД за педметното подрачје и усвојување на Планска Програма за формирање на градежни парцели за изградба на ловен дом со пратечки содржини. На барање на инвеститорот од страна на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство е издаден одлука за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно земјиште, за изработка на ЛУПД за изградба на ловен дом со пропратни содржини КО Будимирци, општина Новаци.

Извештајот за стратегиската оцена на животната средина содржи информации за целите на животната средина утврдени со релевантни стратегии, планови и програми, а кои имаат допирни точки со анализираната планска документација.

Планскиот документ кој е предмет на анализа и за кој се однесува Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина е ЛУПД за ловен дом со пратечки содржини, КО Будмирци. Овој план се однесува за повеќе катастарски парцели КП, дел од КП 1732, дел од КП 1750 и КП 2109, КО Будимирци, Општина Новаци со вкупна површина од околу 3 ха.

Овој Извештај ги опишува целите на планскиот документ и потребата од негова изработка, неговата содржина, опфат и предмет. Се утврдува состојбата на животната средина на подрачјето и во неговото пошироко окружување, со цел идентификација на можните повредливи медиуми за кои особено треба да се води сметка при реализацијата на ГУП. Се разгледуваат и алтернативи во однос на локациите на зоната, намената на користење на земјиштето и стандардите за животна средина што би можеле да се применуваат.

Целта на постапката за стратегиска оцена на животната средина е идентификација и анализа на влијанијата врз животната средина, животот и здравјето на луѓето кои би произлегле со имплементација на планскиот документ. Постапката се спроведува уште во фазата на планирање со цел сите идентификувани влијанија, односно соодветните мерки за елиминирање или контрола на влијанијата, да се предвидат во најраната фаза на подготовката на документот.

Една од целите на изработка на планскиот документ, е да се создадат услови за планирање на организирани простори за градба кои ќе бидат реализирани од страна на инвеститори, но и корисници и сопственици на земјиштето и локалната самоуправа.

Поединечните цели на планскиот документ се:

- Да се воспостави планска релација меѓу пожелното и реалното, да се испитаат можностите за максимално користење на постојниот фонд на објекти и инфраструктурата, и нивно усогласување со веќе планираните содржини;

- Обезбедување услови за порационално искористување и уредување на просторот, запазување на заштитното зеленило, како и регулирање на сообраќајната, комуналната, односно водоводната и енергетската инфраструктура;
- Обезбедување поголема искористеност на земјиштето преку максимално користење на парцелите спрема важечките параметри;
- Збогатување на просторот со нови содржини во функција на развој на стопанството и локалната економија;

Реализацијата на ЛУПД се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитивање и вградување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина.

Ваквата идеја и иницијатива за развој на зоната за мало стопанство е во духот на преложениот концепт за интегрален и децентрализиран стопански развој. Ефикасната инфраструктурна опременост на овој простор и неговата поврзаност со околните населби треба да биде фактор за афирмација на комплексот, но и фактор за гравитациско влијание и поврзаност со поширокото окружување.

Во рамки на насоките за изработка на планови од пониско ниво, кои ги дава Просторниот План, за комплекси од ваков тип треба да се почитува следното:
- Избор и распоред на стопанските активности согласно со природните услови, расположивата работна сила и постојаните стопански капацитети;
- Создавање можности за отварање на нови работни места со да се задржи постојаното население и да се намалат миграциите;

- Обезбедување на спроведување на постојаните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој, а особено во однос на:
- Бесправната градба;
- Стопанисувањето со шумите, земјоделското земјиште, водите и друго;
- Заштита на создаденото и природното богатство;
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштита на животната средина.

Посебните услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите за секоја урбанистичка единица за планирање и градежна парцела содржат детални податоци за условите за градење и служат за спроведување на планот со непосредно изготвување на извод од планот и решение за локациски услови.

Класа на намена

Во планот е зацртана група на класи на намена **А – домување,** со основна класа на намени **А4 – ловен дом со пропратни содржини**. Со планот се предвидени и компатибилни класи на намени на основната класа на намена и тоа: Б1 – мали комерцијални и деловни намени (30%), Б3 – големи угостителски единици (30%), В2 – здравство и социјална заштита (30%), и Д3 – спорт и рекреација (30%), **вкупно 30%**.

Градежни парцели

Опфатот со површина од 3 ha се состои од 1 градежна парцела. Границите на градежната парцела е дефинирана со ЛУПД, и е во границите на катастарските парцели дел од КП 1732, дел од КП 1750 и КП 2109, КО Будимирци, Општина Новаци.

Природа на зафатот

Во градежната парцела предвидена е површина за градба со намена **А –домување,** односно со основна класа на намена **А4 –** времено сместување во кое спаѓаат сите видови мотели, викенд куќи, планинарски домови, **ловни домови**, кампови и сл., и компатибилните класи на намена Б1 – мали комерцијални и деловни намени (30%), Б3 – големи угостителски единици (30%), В2 –здравство и социјална заштита (30%), и Д3 – спорт и рекреација (30%), (вкупно 30%). Параметрите од оваа Локална урбанистичка планска документација се основа за понатамошно изработување на идеен, а потоа и основен проект.

Максималната височина на хоризонталниот венец на објектите е **12.00 m.** Максималната катност ќе се утврди со АУП. Во склоп на дозволените параметри можно е поставање на една или повеќе градби со тоа да нивната вкупна површина за градба, односно вкупно развиената бруто површина не ги надмине утврдените параметри. Решението за поставување на една или повеќе градби да се утврди директо со идеен или основен проект.

Градежната парцела со вкупна површина **3 ха (3ха00ари88м2)**, т. е. 98% од опфатот, е со класа на намена **А – домување,** со основна класа на намени **А4 – ловен дом со пропратни содржини** и компатибилните класи на намена Б1 (30%), Б3 (30%), В2 (30%), и Д3 (30%), вкупно 30%. Во склоп на градбата е **можно поставување на примарна и секундарна пластика** во согласност со важечкиот Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М, бр. 63/12, 126/12 и 19/13) кои не се земени во бруто развиената површина.

Зеленило

Процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела треба да изнесува минимум 50%.

Паркирање

Паркирањето е во рамките на градежната парцела според можностите. Потребниот број на паркинг места е според намената и големината на градбата, т. е. ќе се одреди според класата на намена А4, како што е пропишано во член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14). Решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај е основен услов за изградба на максимално дозволената висина и површина на градба.

Согласно одредбите на Просторниот План на Р. Македонија за рационално користење и заштита на просторот, идниот развој и разместеност на производните дејности на овој простор треба да се базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната средина.

Извештајот за стратегиска оцена ги разгледува основните податоци за животната средина во и околу предметното подрачје, а тие се однесуваат на:

- географската положба на предметната локација;
- релјефните услови, наклон и експозиција на терените;
- сеизмичките карактеристики;
- Климатските услови на регионот со климатски елементи од умерено-континетална клима;
- Квалитетот на воздухот како еден од главните медиуми и фактори за квалитетно живеење во животната средина;
- Културното наследство не е евидентирано во близина на предметната локација;
- Состојбата со биодиверзитетот (флора и фауна) на планскиот опфат;
- Пределските карактеристики на предметното подрачје;
- Демографските карактеристики во Општина Новаци од аспект на вкупното население, како и стапката на невработеност;
- Воените разурнувања, природните и техничко-технолошките катастрофи се земени во предвид и анализирани во овој извештај;

Во изработката на овој извештај беше разгледан и стопанскиот развој кој според Просторниот План на Република Македонија се базира на дефинираните цели на економскиот развој во „Националната Стратегија за економскиот развој“, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот и поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на стопанството.

Користењето на земјиштето се разгледува како една од основите цели на Просторниот План на Република Македонија и се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, искористувањето на погодностите за производство и лоцирање на преработката на простори врзани со местото на одгледување или искористување.

Во извештајот за стратегиска оцена на животната средина разгледани се и релевантните аспекти на моменталната состојба на животната средина и што највројатно би се случило доколку не дојде до имплементација на планскиот документ/најверојатната еволуција без имплементција на стратегијата, планот или програмата. Во анализираниот случај, состојбата без имплементација на планскиот документ е оценета како непогодно решение за одржливиот развој на Општина Новаци.

Посебно внимение во извештајот се посветува на описот на веројатните влијанија на планскиот документ врз медиумите и областите на животната средина и врз социо-економските и демографските карактеристики, а исто така се предвидени и мерки за спречување, ублажување или отстранување на негативните влијанија.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, ги разгледува негативните влијанија врз специфичните медиуми и области на животната средина и мерките за ублажување на негативните влијанија во поширок обем, додека пак изведбата на секој планиран објект (проект) е предмет на разгледување на постапката за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина и кон неа ќе се пристапи дополнително.

Се обработуваат влијанијата на планскиот документ и мерките за ублажување на влијанијата врз:

- Демографските карактеристики и човековото здравје - реализацијата на планскиот документ ќе има незначителни негативни и краткотрајни влијанија врз здравјето на луѓето при изградбата, и според тоа се предвидени соодветни мерки за намалување на влијанијата: контрола на интензитетот на бучавата и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух;
- Социо-економската состојба - реализацијата на планскиот документ ќе има позитивни долгорочни влијанија врз социо-економската состојба и поради тоа не се предвидуваат мерки за намалување на влијанијата;
- Квалитетот на амбиентниот воздух - реализацијата на планскиот документ ќе има незначителни негативни влијанија врз здравјето на луѓето при изградбата и во оперативната фаза, и поради тоа се предвидени соодветни мерки за намалување на влијанијата: примена на јавен транспорт за вработените, користење на еколошки горива, контрола на испуштање на издувни гасови, користење на природниот гас, зелени заштитни појаси;
- Бучава и вибрации - зголемен интензитет на бучава и вибрации ќе се појави во фазата на изградба, додека за време на оперативната фаза интензитетот на бучавата е намален, а појава на вибрации не се очекува. Предвидени се соодветни мерки за намалување на влијанијата од бучава: ограничување на дневните работни часови, поставување на заштитни зелени појаси, користење на технички исправна и помалку бучна опрема;
- Квалитет на површинските и подземните води, предвидени се генерални мерки за спречување на негативните влијанија при реализацијата на планскиот документ;
- Почвата – доколку се применува системот на ефикасно управување со отпадот во цврста и течна состојба, не се очекуваат негативни влијанија врз водите со реализација на планскиот документ, а се предлага примена на мерки за намалување на влијанијата кои ќе бидат утврдени при изработка на елаборатот за заштита на животната средина;

- Биодиверзитетот (флора и фауна) – реализацијата на планскиот документ нема да предизвика позначајни негативни влијанија во глобални рамки, бидејќи на предметното подрачје не се евидентирани ендемични видови;
- Природното наследство – на предметното подрачје не е евидентирано;
- Пределските карактеристики – адекватно уредување на просторот, унапредување на естетските вредности, зачувување на пределските карактеристики, рационално користење на природните ресурси;
- Културното наследство – не е евидентирано културно наседство во непосредна близина на планскиот опфат, па според тоа не се предвидуваат посебни мерки во планската документација;
- Управувањето со отпадот – доколку се воспостави ефикасен систем за управување со цврстиот отпад и според тоа не се очекуваат негативни влијанија;
- Несреќи и хаварии - согласно Законот за одбрана, Законот за заштита и спасување и Законот за управување со кризи, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување;

Како составен дел од извештајот е и Планот за мониторинг, со чија реализација ќе се обезбедат податоци за состојбата на одредени медиуми на животната средина (воздух, вода, почва), како и следење на примената на мерките за ублажување и ефектите од примената на истите.

Планот за мониторинг овозможува следење на состојбата на животната средина преку следните параметри, кои се прикажани табеларно во самиот извештај:
- Здравје на луѓето;
- Квалитет на амбиентен воздух;
- Ниво на бучава и вибрации;
- Квалитет на површински води;
- Квалитет на подземни води;
- Квалитет на почва;

- Отпадни води;
- Создавање и управување со отпад;
- Состојба на биодиверзитетот (флора и фауна);
- Хаварии и несреќи

Постапката на стратегиска оцена на стратешкиот документ врз животната средина се одвиваше паралелно со поставување на целите на планскиот документ (согласно Законот за животна средина Член 67 во кој е наведено дека Извештај за стратегиската оцена на животната средина се спроведува во текот на изработката на планскиот документ, односно пред да биде истиот доставен од надлежниот орган), Стратегиската оцена треба да ги земе во предвид сите влијанија врз животната средина и притоа се стреми:

- Да овозможи вградување на аспектите на животната средина во процесот на урбанистичкото планирање;
- Да ја зголеми ефикасноста при донесување на одлуки во однос на заштита на животната средина;
- Да обезбеди интегриран приод кон животната средина;
- Да го овозможи учеството на јавноста и консултирање со јавноста во процесот на донесување на одлуки;
- Да ја поттикне меѓусекторската соработка;
- Да се вградат одредбите на одржливиот развој (економски, социјални и еколошки аспекти).

Доколку сите согледувања дадени во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина бидат земени во предвид и имплементирани во ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини, за којшто се изготвува овој Извештај, ќе се избегнат сите несакани последици, што значи ќе се заштеди време и пари што е само дел од целите на стратегиската оцена на животната средина. Исто така, ќе се обезбеди заштита и одржлив развој на ресурсите, заштита на медиумите во животната средина и здравјето на луѓето.

15. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Заклучоци и препораки кои беа дефинирани при изработката на извештајот за стратегиска оцена на животната средина за реализација на ЛУПД за ловен дом со пратечки содржини, се следините:

- Примена на насоките и елементите за изработка на просторни и урбанистички планови од аспект на заштита на животната средина и примена на мерките и активностите за рационално користење и заштита на просторот, дефинирани во предлог планската документација;
- Почитување на одредбите од елаборатот за заштитните зони на изворниците на вода, , со акцент на спречување на било какви активности во заштитните зони;
- Спроведување на Планот за мониторинг, со кој ќе се добијат податоци за состојбата на одредени медиуми на животната средина и следење на ефектите од примената на мерките за ублажување на негативните влијанија;
- Спроведување на процедурата за информирање на јавноста и организирање на јавна расправа;

Реализацијата на ЛУПД за ловен дом со пратечки содржини се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитивање и вградување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина. Вградувањето на аспектите на животната средина при процесот на урбанистичкото планирање и партиципативната демократија која вклучува учество на јавноста при стратешко планирање и развој на општина Новаци се основни начела за изработка на урбанистичката планска документација. Реализацијата на ЛУПД ќе придонесе за социјален, економски и инфраструктурен развој на општина Новаци, заштита на животната средина, рамномерен економски регионален развој и привлекување на можни инвестиции.

ДОДАТОЦИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје

Бро 07-1831/15
13.11 2015 година

П О Т В Р Д А
за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

КРАКАШОВА Јован АЛЕКСАНДРА дипломиран инженер за животна средина од Берово родена на 22.10.1979 година во Штип Република Македонија, на ден 04.06.2009 година го положи **стручниот испит за стекнување на професионално знаење за стратегиска оцена на животната средина**, пред Комисијата за полагање на стручен испит за стратегиска оцена на животна средина, при Министерството за животна средина и просторно планирање, и се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина** и ги исполнува условите утврдени во член 68 од Законот за животна средина, со тоа се стекнува со правото да биде **вклучена** во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија

Оваа потврда се издава врз основа на член 68 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр.53/05; 81/05; 24/07;159/08, 83/09; 48/10 и 124/10)

Министерство за животна средина и просторно планирање

Министер,
Др. Кемал Јакупи

Комисија за полагање на стручен испит за стратегиска оцена на животната средина

Претседател,
М-р Јадранка Иванова

М.П